СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

КАВАДАРЦИ, Август 2026

Директор
Ратка Росомански

Претседател на УО
Блаже Ѓорчев

Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

I. ВОВЕД

Училиштето е лоцирано во Општина Кавадарци, а како основач на училиштето се јавува општина Кавадарци.

Основната дејност на училиштето е воспитно-образовна, со јасно дефинирани цели.

Во 2025/2026година во училиштето се реализираше воспитно-образовен процес, во кој учениците стекнуваа стручно образование.

Од стручното образование застапени се следните сектори: **земјоделство, рибарство и ветеринарство со три образовни квалификации, шумарство и обработка на дрво со три образовни квалификации и здравствство и социјална заштита со две образовни квалификации.**

Во изминатата учебна година во училиштето на почетокот се запишаа вкупно **351** ученици, распоредени во **23** паралелки. Во текот на годината се запишаа уште **10** ученици, а си замина **14.** На крајот на учебната година останале **347** ученици**.** Од **347** ученици, **337 (97,12%)** направо ја завршија соодветната година на образование, **10** ученици беа упатени на поправен испит и испит на година **1** ученик ја повторува годината. Сите ученици кои беа упатени на поправен испит успешно ги положија и ја завршија годината, освен ученичката која беше упатена на поправен испит, но не се јави на закажаниот термин во двата испитни рока и ја повтори годината.

Од вкупно 77 матуранти од Четврти степен, во јунскиот испитен рок 61 ученици положија Државна матура, а 6 положија завршен испит. Од Трети степен за Завршен испит положија 5 ученици. За завршен испит се пријавија и 16 вонредни ученици од IV степен. Во Августовскиот испитен рок за Државна матура повторно се пријавија 6 редовни. За завршен испит се пријавија 6 редовни и 1 вонреден ученик. Во августовскиот испитен рок, Државна матура положија 5 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 5 редовни и 2 вонредни ученици. Вкупно во двата испитни рока државна матура положоја 66 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 11 редовни и 17 вонредни ученици.

Учебната година започна на **1 Септември 2025 г**. Учебната година заврши на **10.06.2026** година. Според календарот за учебната година, на почетокот беа планирани 180 работни денови за I, II и III година, а 164 за завршните класови. Учениците направиле вкупно **11784** изостаноци, од кои **9596** оправдани, неоправдани **2188** или во просек по ученик вкупно **33,96** изостаноци. Во однос на претходната учебна година, изостанувањето е намалено за 23,49 %.

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од учебната година е **3,94.**

Постигнатиот успех е намален во однос на претходната учебна година за 5,74%.

Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци
II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

2.1.СЕКТОР И КВАЛИФИКАЦИЈА

Во училиштето се одвива стручно образование.

Од стручното образование се застапени: сектор за земјоделство, рибарство и ветеринарство, сектор шумарство и обработка на дрво и сектор за здравство и социјална заштита.

Секторот за земјоделство, рибарство и ветеринарство работи по реформирана програма со следните квалификации:

- градинар-цвеќар (тригодишно образование) I, II, III година
- агротехничар (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за фитомедицина (модулирано) I , II, III, IV година

Програмата е верифицирана со одлука на МОН со Решение бр.11-2936/2 од 09.06.2006 година, Министерство за образование и наука.

Верификации за модулираните профили:

Агротехничар: УП1 13-3520 од 10.06.2020
Техничар за агроменаџмент УП1 13-3521 од 10.06.2020
Техничар за фитомедицина УП1 13-3522 од 10.06.2020

Секторот шумарство и обработка на дрво работи по реформирана програма (модуларно) со следните образовни профили:

- шумарски техничар (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за пејзажен дизајн (модулирано) I, II, III, IV година
- техничар за мебел и ентериер (модулирано) I, II, III, IV год

Верификација за столар: 11-1857/4 од 02.04.2013 год на Министерството за образование и наука

Верификација за шумар:12-7448/2 од 09.07.2018

Верификација за модулираните програми:

Шумарски техничар УП1 13-3516 од 10.06.2020
Техничар за пејзажен дизајн: УП1 13-3517 од 10.06.2020
Техничар за мебел и ентериер: УП1 13-3519 од 10.06.2020
Техничар за обработка на дрво: УП1 13-3518 од 10.06.2020

Секторот здравство и социјална заштита работи со следните образовни профили:

- фармацевтски техничар (модулирано) I , II, III, IV година

верификација за модулиранио профил: УП1 13-3431 од 10.06.2020

- медицинска сестра (модулирано) I , II, III, IV година

верификација за модулиранио профил: УП1 13-5950- од 25.06.2025

2.2. УЧЕНИЦИ

2.2.1 ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ

Во 2025/26 година на почетокот се запишаа 351 ученици.

Од нив **80** ученици посетуваа настава во стручното образование од сектор шумарство и обработка на дрво, **114** посетуваа настава во стручното образование од сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство**, 153** посетуваа настава во стручното образование од сектор здравство и социјална заштита.

Годината започна со запишани 103 ученици во I година.

Во I година во сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство се запишаа **26** ученици распоредени во две паралелки IV степен.

Во I година во сектор шумарство и обработка на дрво се запишаа **24** ученици распоредени во 2 паралелки во IV степен.

Во I година во сектор здравство и социјална заштита се запишаа **53** ученици во две паралелка.

Во Прилог 2.1. бројна состоба на ученици во учебната 2025/26 година.

Освен редовните ученици во училиштето во учебната 2025/26 година образование стекнуваат вонредни ученици. Во учебната 2025/26 своето четиригодишно образование го дооформија 17 вонредни кандидати кои успешно положија завршен испит и се здобија со соодветна диплома за завршен IV степен.

Во 2025/26, во Прва година се запишаа 9 вонредни ученици, 6 ученици во сектор шумарство и обработка на дрво во квалификацијата шумарски техничар, 1 вонреден ученик во квалификацијата техничар за мебел и ентериер, 2 ученици во сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство во квалификацијата агротехничар и техничар за фитомедицина.

Вонредни ученици во V степен

	Образовен профил	Запишаниво 2024/25	Завршиле во 2024/25
1	Специјалист по шумарски работи	12	12
2	Специјалист по ловство	10	10
3	Специјалист за подиг на зелени. Површини и уредување на населби	/	/
4	Специјалист- подрумар	/	/
	вкупно	22	22

2.2.2. УСПЕХ, РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во Прилог 2.2. даден е Преглед на општиот успех на учениците и успех по предмети во учебната 2025/2026 год.

Според податоците 337 ученици, (97,12%) успешно ја завршиле годината во јуни, 10 (2.88%) ученици со слаби оценки се упатени на поправни испити и испит на година. Ученици кои беа упатени на поправни испити и испит на година ги положија испитите и ја завршија соодветната година, освен 1 ученичка која не се јави на поправен испит и ја повтори годината.

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од учебната година е **3,94.**

Во прилог бр 2.3 е даден е Преглед на редовноста и поведението на учениците во учебната 2025/2026 год.

Според податоците вкупно изостаноци на на ниво на училиште се евидентирани 11784 од кои 9596 оправдани изостаноци и 2188 неоправдани изостаноци.

2.3. РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Со училиштето раководеше училиштен тим во состав:



Ратка Росомански – Директор



Блаже Ѓорчев – Претседател на Училишен одбор

Во Прилог 3.1. дадени се податоци за директорот Ратка Росомански .
Во прилог 3.2. даден е извештај за работа на директорот во 2025/26 година

2.4. УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Со училиштето управуваше Училиштен Одбор во состав:





Прилог 4.1 е дадена работата на Училишниот Одбор

2.5.СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА



2.5.1.НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Во текот на неделата членовите на Наставничкиот Совет се менуваа од причина што некои од професорите беа ангажирани во други училишта, или од други училишта надополнуваа часови во СОЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци.

1. **Ратка Росомански** – директор;
2. **Тања Камчева**-педагог;
3. **Валентина Мукаетов** –психолог;
4. **Рамова Делева Антонија –** дефектолог;
5. **Влатко Тасев**-професор по македонски јазик и литература;
6. **Загорка Ризова** -професор по македонски јазик и литература;
7. **Коле Станоев** -професор по македонски јазик и литература;
8. **Касапинова Наталија**-професор по англиски јазик;
9. **Делова Маргарита**-професор по англиски јазик ;
10. **Ацева Сања**-професор по англиски јазик ;
11. **Весна Тодорова**- професор по математика;
12. **Јованова Пепица** - професор по математика ;
13. **Тодоров Ѓоко**-професор по информатика;
14. **Манчева Милка** -професор по физика ;
15. **Попов Горан** -професор по спорт и спортски активности;
16. **Велковски Горан** -професор по спорт и спортски активности;
17. **Смилевски Златко**-професор по музичка култура;
18. **Митко Дамјановски** - професор по ликовна уметност;
19. **Петков Даниел** професор по историја;
20. **Таскова Валентина** професор по Граѓанско образование;
21. **Минова Божанка**- професор по хемија;
22. **Вчкова Наталија**- професор по биологија;
23. **Анкица Деков** - професор по биологија;
24. **Гркова Оливера**-- професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
25. **Мајсторова Менча**- професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
26. **Спиркоски Јасминка** - -професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
27. **Настов Бошко** - професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
28. **Николов Ефремчо** - професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
29. **Керов Горан** - професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
30. **Попов Коце** – професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
31. **Ѓелова Лепа** - професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;

32. **Бојков Глигорчо**– професор по стручни предмети во сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство;
33. **Коцева Тодорка** - професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
34. **Петрова Александра** - професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво; **(во текот на годината користи породилно боледување)**
35. **Фиданка Сокаровска** – професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво; **(на замена)**
36. **Бинова Радица**- професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
37. **Сакалиев Горан** - професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
38. **Тефова Роза**- професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
39. **Зимоски Горан**- професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво; заменик директор
40. **Ацев Стефан**- професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
41. **Илков Деан**- професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво;
42. **Стојчева Наумова Гордана** - професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво (во текот на годината користи боледување);
43. **Васка Бошева** - професор по група предмети од сектор Шумарство и обработка на дрво; (на замена)
44. **Пењушков Перо** – професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
45. **Савка Велкова**- професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
46. **Миленка Митевска Ристова** - професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
47. **Еленова Јасминка**- професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
48. **Блаже Ѓорчев** - професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
49. **Јовановска Ивана** - професор по стручни предмети од сектор Здравство и социјална заштита
50. **Косовска Ѓурѓица** - професор по латински јазик (надополнува)
51. **Билјана Јанкова** - професор по Психологија
52. **Бранкица Рамова –** библиотекар, професор по Содржини програмирани од училиштето

Наставничкиот Совет одржаа состаноци на кои се дискутираа прашања и теми и се носеа Одлуки во согласност со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. (прилог 5.1)

2.5.2 .СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКА

Во Прилог 2.5.1. е даден приказ за состав на Советот на паралелки

На Советите се дискутираше за успехот, редовноста и поведението за секој ученик поединечно, како и за сите проблеми со кои се соочуваат учениците од секоја паралелка.

2.5.3. РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИ

Р.б	клас	Бројна состојба	простор ија	Раководител на паралелка	профил
1	I-1	16	10	Роза Тефова	Шумарски техничар / Техничар за пејзажен дизајн
2	I-2	9	7	Горан Попов	Техничар за мебел и ентериер
3	I-3	9	9	Оливера Гркова	Агротехничар
4	I-4	14	11	Менча Мајсторова	Техничар за фитомедицина
5	I-5	26	6	Маргарита Делова	Фармацевтски техничар
6	I-6	27	4	Наталија Касапинова	Медицинска сестра
7	II-1	17	14	Радица Бинова	Техничар за мебел и ентериер
8	II-2	6	1	Стефан Ацев	Техничар за мебел и ентериер
9	II-3	6	20	Гордана Стојчева	Агротехничар
10	II-4	18	16	Ефремчо Николов	Техничар за фитомедицина
11	II-5	5	19	Бошко Настов	Градинар-цвеќар
12	II-6	30	5	Божанка Минова	Фармацевтски техничар
13	III-1	16	13	Горан Сакалиев	Техничар за мебел и ентериер
14	III-2	6	20	Коле Станоев	Техничар за мебел и ентериер
15	III-3	9	17	Коце Попов	Агротехничар
16	III-4	15	15	Даниел Петков	Техничар за фитомедицина
17	III-5	6	9	Валентина Таскова	Градинар-цвеќар
18	III-6	35	2	Милка Манчева	Фармацевтски техничар
19	IV-1	11	24	Коцева Тодорка	Шумарски техничар / Техничар за пејзажен дизајн
20	IV-2	6	21	Зимоски Горан	Техничар за мебел и ентериер
16	IV-3	9	8	Керов Горан	Агротехничар
17	IV-4	17	23	Бојков Глигор	Техничар за фитомедицина
19	IV-5	34	3	Ѓорчев Блаже	Фармацевтски теничар

Вк.		347			

Раководителите на паралелка се грижеа за успехот, редовноста и поведението на секој ученик во паралелката, за целокупната работа на паралелката, поднесуваа извештаи, остваруваа контакти и средби со родителите, разговараа со учениците за проблемите со кои се соочуваат во училиштето и надвор од него. Паралелките со означени со зелена боја, се дуални паралелки (дуално образование)

2.5.4.СТРУЧНИ АКТИВИ

Во училиштето застапени се следните стручни активи:

I. Актив по македонски јазик и странски јазици
II. Актив по сектор шумарство и обработка на дрво
III. Актив по сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство
IV. Актив по природно-математички науки: математика, информатика физика, биологија и хемија
V. Актив по општествено-хуманистичка група на предмети
VI. Актив по група на предмети од областа на спортот
VII. Актив по сектор здравство и социјална заштита.

Активите во текот на годината работеа врз основа на претходно донесен План за работа.

Во прилог 5.4.1. дадени се референците за сите членови од активите, со нивните компетенции.

Извештаите за работата на активите се дадени во Прилогот 7.

2.6. СТРУЧНА СЛУЖБА

Во склоп на стручна служба работи дипломиран педагог Тања Камчева, дипломиран психолог Валентина Мукаетов и диломиран дефектолог Антонија Делева Рамова.

Во Прилог 2.6.1. даден е извештајот за работа на педагогот во учебната 2025/2026 година.
Во Прилог 2.6.2. даден е извештајот за работа на психологот во учебната 2025/2026 година.
Во Прилог 2.6.3. даден е извештајот за работа на дефектолог во учебната 2025/2026 година.

2.7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА

ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПЛАНИРАНИОТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА

Вкупниот фонд до 03. 07. 2026 - 18.616 книги (учебници, лектири, белетристика, списанија, енциклопедии, стручна литература, периодика.....)

Учениците користеа различна литература, но најмногу лектири и книги за обработка.

Вработените исто така користеа литература која тековно им беше потребна.

И вонредните ученици ги користеа учебниците и стручната литература која им беше потребна

Оваа година се купија само 21 лектира во вредност од 5.000 денари од „Просветно дело“

- **Сите предвидени и планирани активности се реализирани, освен посета и било каква друга соработка со Музеј на Р. С. Македонија**

РАЗДОЛЖУВАЊЕ
на одредени работи од библиотеката

На ден 05. 09. 2025, петок, од нашата библиотека при СОЗШУ „ Ѓорче Петров“ од Кавадарци се повлекоа следниве предмети:

- Еден проектор SAMSUNG
- Далечински управувач за проекторот
- Две платна за проектирање
- Еден држач-ногарки за платно за проекторот
- Една мала масичка
- Една коклица
- Една греалка-радијатор
- Еден полускршен продолжен кабел
- Три големи рамки
- Едно старо биро

Овие предмети ги предадоа одговорните за библиотеката: библиотекар: Бранка Рамова и професор одговорен за вонредни испити: Радица Бинова, а ги прими заменик директорот – професор Горан Зимоски.

03. 07. 2026 година **Библиотекар**
Кавадарци **Бранка Рамова**

2.8. АДМИНИСТРАТIVНО-ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Во прилог 8.1. дадени се членовите на оваа служба

Ред бр	Опис на работно место	м	ж	Вкупно
1	Секретар	1		1
2	Хаусмајстор	1	/	1
3	Чувар	2	/	2
4	Хигиеничари	/	5	5
	ВКУПНО	4	5	9

2.9. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вработени	**Неопределено**	**Определено**	**Мажи**	**Жени**	**Македонци**	**Албанци**	**Срби**	**Власи**
Наставен	**38**	**14**	**20**	**32**	**52**	**/**	**/**	**/**
Ненаставен	**8**	**1**	**4**	**5**	**9**	**/**	**/**	**/**
Вкупно	**46**	**15**	**24**	**37**	**61**	**/**	**/**	**/**

III. НАСТАВА

Во училиштето се реализираше **редовна, додатна, дополнителна** и **консултативна настава.**

Редовната настава започна на 01.09.2025 година, а заврши на 10.06.2026 година за учениците од I, II и III година.

За учениците од завршните години наставата започна на 01.09.2025, а заврши на 15.05.2026 година.

Редовната настава е организирана врз основа на изментетиот Календарот за работа на средните училишта во учебната 2025/26 година.

Неработни денови во текот на неделата беа **сабота** и **недела** и деновите :

- **08.09.2025 година - Ден на независноста**
- **11.10.2025 година - Ден на народното востание**
- **23.10.2025 година – Ден на Македонската Револуционерна борба**
- **08.12.2025 година – Св. Климент Охридски**
- **20.03.2026 година – Рамазан Бајрам**
- **10.04.2026 година – Велики Петок**
- **13.04.2026 година – Втор ден Велигден**
- **01.05.2026 година – Ден на трудот**

- 24.05.2026 година - „Св.Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители

- 29.05.2026 година - Духовден

Денови во кои не се изведуваше настава, но беа спроведени активности од областа на екологијата, културата, уметноста:

03.04.2026 година – беше одбележан Патронен празник

Настава учениците ја следеа во **една смена која** започнуваше од **8:00 часот** и траеше до **14:00 часот.**

Дополнителна настава е организирана во текот на учебната година за учениците кои покажуваат послаби резултати по одделни наставни предмети.

Дополнителната настава за послабите ученици е реализирана врз основа на претходно изработен распоред (време, место, ученици кои ќе ја следат и сл.)

Додатна настава е организирана за учениците кои сакаат да го унапредат своето знаење. Со нив се работеше на одредени проекти во текот на целата година. Тоа се претежно ученици кои се подготвуваат за натпревари.

Додатна настава е организирана и за ученици кои беа подготвувани за учество на натпревари.

Консултативна настава се реализираше за вонредните ученици, учениците кои беа упатени на испит на година и за учениците кои полагаа државна матура и завршен испит, како и при подготовката и изработката на проектните задачи од страна на матурантите.

Практична обука се реализираше како:

- Учење преку работа кај работодавач
- феријална практика
- теренска настава

- Учење преку работа кај работодавач

се изведуваше во фирми со кои училиштето има склучено договори (фармацевтски аптеки, земјоделски аптеки, винарии, семјоделски стопанства, цвеќари, ЈП Национални шуми, фирми од дрвната индустрија, според препораките од дуалното образование. Беа реализирани огромен број на вежби во Михајлово, во фармацевтската лабораторија, во училишната винарија...

Практична настава и во училишниот двор

Учениците дел од практичната настава ја изведуваа и во училишниот двор и лозовата економија, под менторство на одговорните наставници.

Феријалната практика учениците од здравствената струка ја изведуваат по аптеките во градот или во своите места на живеење. Учениците од шумарско-

дрвопреработувачка струка ја реализираа феријалната практика во училишниот двор, а учениците од другите градови во фирми во нивните места на живеење. Учениците од земјоделско-ветеринарната струка феријалната практика ја реализираа делумно на лозовата економија, делумно во училишниот двор и во винариите во општината, додека учениците од другите општини ја реализираа во своите места на живеење.

Содржини програмирани од училиштето, како и проектни активности во Спортската академија реализирани се од областа на:

- Светско наследство во рацете на младите
- Планирање на кариера
- Претприемништво и бизнис
- Подготовка за вработување и работа
- Ученичка компанија, претприемачка практика за млади
- Учење на работно место
- Активно барање работа (за IV)
- Презентациски вештини (за IV)
- Спорт

IV. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

1. СЕКЦИИ

Учениците во изминатата година имаа можност да бидат вклучени и да работата во повеќе секции, при што можеа да го искажат својот интерес, желба или својот талент.

1.1. Драмско-рецитаторска секција
1.2 Новинарска секција
1.3 Спортска секција
1.4. Секција за органско земјоделство
1.5 Еко-дизајн
1.7. Информатика
1.8. Прва помош
1.9. Планинарска секција

Активностите, учениците и менторите се дадени во прилог со извештаи од активите.

Реализација на планираниот фонд на наставни часови

ПРВА ГОДИНА – 97,62% (реализираност на наставните планови)

Паралелки	I-1	I-2	I-3	I-4	I-5	I-6	Вкупно
Планирани часови	1118	1296	1116	1188	1224	1224	7166

Реализирани часови	1103	1281	1069	1179	1224	1140	6996
Разлика	-15 часа	-15 часа	-47 часа	-9 часа	0	-84 часа	**-170 часа**

Забелешка: во прва година реализираноста на наставните планови и програмисе е 97,62% , не се реализирани 170 часа од вкупниот фонд на планирани часови.

ВТОРА ГОДИНА – 100,92% (реализираност на наставните планови)

Паралелки	II-1	II-2	II-3	II-4	II-5	II-6	Вкупно
Планирани часови	1836	1440	1296	1260	1260	1368	8460
Реализирани часови	1816	1456	1328	1294	1244	1400	8538
Разлика	- 20 часа	+ 16 часа	+ 32 часа	+ 34 часа	- 16 часа	+ 32 часа	+ 78 часа

Забелешка: во втора година реализираноста на наставните планови и програмисе е 100,92% , реализирани се 78 часа повеќе од вкупниот фонд на планирани часови.

ТРЕТА ГОДИНА - 100,73% (реализираност на наставните планови)

Паралелки	III-1	III-2	III-3	III-4	III-5	III-6	Вкупно
Планирани часови	1836	1080	1332	1332	1095	1512	8187
Реализирани часови	1819	1197	1305	1336	1092	1498	8247
Разлика	- 17 часа	+ 117 часа	- 27 часа	+ 4 часа	- 3 часа	- 14 часа	+ 60 часа

Забелешка: во трета година реализираноста на наставните планови и програмисе е 100,73% , реализирани се 60 часа повеќе од вкупниот фонд на планирани часови.

ЧЕТВРТА ГОДИНА - 98,22% (реализираност на наставните планови)

Паралелки	IV-1	IV-2	IV-3	IV-4	IV-5	Вкупно
Планирани часови	1720	1089	1266	1215	1254	6544
Реални часови	1673	1070	1175	1155	1355	6428
Разлика	- 47 часа	- 19 часа	- 91 часа	- 60 часа	+ 101 часа	- 116 часа

Забелешка: во четврта година реализираноста на наставните планови и програмисе е 98,22% , не се реализирани 116 часа од вкупниот фонд на планирани часови.

2 .ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ и РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активности и настани во учебната 2025/26 хронолошки:

01.09.2025 година

По повод почетокот на новата учебна година, директорката на училиштето, г-ѓа Ратка Росоманска, се обрати пред учениците и наставниот кадар во училишниот двор, предворјето на храмот на младоста.

Во своето обраќање, директорката ги сподели:

Визијата за новата учебна година

Плановите за подобрување на наставниот процес

Поттик за заедништво, мотивација и успех.

(Во прилог е говорот на директорката)

- „Почитувани колеги наставници, драги родители, а особено сакам да им се обратам на нашите ученици од прва година — нашите нови средношколци.

Денеска заедно го започнуваме едно ново поглавје. Вашето средно образование не е само уште еден чекор во училишната клупа – тоа е патување кое ќе ве обликува како личности, ќе ви отвори нови хоризонти и ќе ви даде можност да ја откриете вашата иднина.

Драги наши млади средношколци, со влезот во ова училиште вие станувате дел од една голема семејна заедница. Тука ќе стекнете знаење, пријателства и искуства кои ќе ве следат низ целиот живот. Пред вас се четири години исполнети со предизвици, радости, но и одговорности. Ние, вашите наставници и целото училиште, сме тука да ве поддржиме, да ве охрабриме и да ве насочиме кон успехот.

Запомнете – училиштето е место каде што не се учи само од книгите. Тука ќе учите да соработувате, да размислувате критички, да го почитувате различното и да ја цените упорноста. Вашиот труд и љубопитност ќе ви ја изградат иднината.

Сакам да ве охрабрам да бидете храбри, активни и креативни. Да прашувате, да истражувате, да не се плашите од грешки – бидејќи грешките се патот до успехот.

На крај, уште еднаш ви посакувам топло добредојде во нашето училиште. Нека оваа година биде почеток на едно незаборавно, успешно и среќно патување.“





На ден **26.08.2026 година**, Наставничкиот совет на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци донесе одлука за избор на **Првенец на генерацијата**, по предлог на Комисијата формирана за избор.

По разгледување на предлогот на Комисијата, за **Првенец на генерацијата** е избрана ученичката **Викторија Недева**, ученичка во **IV-5 паралелка**.

На ученичката Викторија Недева ѝ се честита за постигнатиот успех, примерното однесување и вложениот труд во текот на средното образование.

02.12.2025 година

Денес со голема чест и радост го одбележавме традиционалниот настан „Младо вино“ – прослава на трудот, знаењето и богатата лозарска традиција на нашиот крај. 🍇🍷
Учениците ги претставија своите семејни вина, а со гордост ја презентиравме и нашата училишна линија на вино, изработена во винаријата на училиштето со многу посветеност и љубов. Благодарност до енологите од Здружението на енолози на Македонија за стручното оценување, како и до Музеј–галерија Кавадарци за прекрасната изложба што го збогати нашиот настан.
Честитки до сите ученици, семејства и професори за вложениот труд!
Ви благодариме на сите што бевте дел од ова прекрасно дружење.






КОЖУВЧАНКА



05.03.2026 година

Успешно е реализиран саемот на фармацевтската струка за презентација на проектните резултати во рамки на Play, Create, Understand од RYCO програмата!

Нашите фармацевтски техничари, под менторство на проф. Блаже Ѓорчев и проф. Ѓурѓица Косовска, со гордост ја претставија својата практична работа, креативност и стручност. Беа изложени повеќе од 300 органски сапуни во различни природни ароми и 100 природни масти од невен и кантарион – производи создадени со внимание, знаење и љубов кон струката. Особено ни беше драго што присуствуваа ученици од сите училишта од Кавадарци. Секој од нив понесе мал подарок – рачно изработен сапун или маст, како спомен од овој убав и едукативен настан. Продолжуваме да учиме, создаваме и да го применуваме знаењето на дело!

Саемот се реализира заедно со учениците и професорките од Средното училиште за хемија и технологија Божидар Ѓорѓевиќ Кукар од Лесковац, Србија, учесници во проектот Play, Create, Understand поддржан од Регионалната канцеларија за младинска соработка – RYCO – програма на земјите од Западен Балкан со цел да ја поттикне младинската размена, дијалогот, соработката и меѓусебното разбирање меѓу младите во регионот. Нашиот проект е дел од оваа визија – да создадеме средина во која младите учат, соработуваат и градат заеднички вредности преку креативни и практични активности.






Super
schools



Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

18.03.2026 година

Еразмус+ мобилност во Ларнака, Кипар (17–30 март 2026)

Нашите ученици учествуваат во иновативна програма за дигитално земјоделство, каде преку обуки, работилници и студиски посети стекнуваат практични знаења и вештини. Програмата опфаќа теми како претприемништво, ЕУ политики и современи агро-технологии.

Покрај едукативниот дел, учениците имаат можност да ја истражат културата и знаменитостите на Ларнака, стекнувајќи нови искуства, самостојност и меѓународни пријателства.







Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

18.03.2026година


Во пресрет на Големиот јубилеј на нашето училиште, 70 години постоење, се издаде печатена верзија на нашиот весник IN MEDIAS RES

https://heyzine.com/flip-book/e2c7d27134.html

Училишниот весник In medias res при СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци претставува форма на воннаставно и неформално ангажирање на учениците во областа на новинарството, како и практична примена на знаењата од литературата и граматиката стекнати во текот на нивното образование.

Целта на овој медиумски простор на социјалните мрежи е да се објави и афирмира секој ученички труд, поттикнувајќи креативност, критичко размислување и слободно изразување.

Станува збор за непрофесионално ангажирање, при што се дозволени и одредени пропусти, со цел учениците да учат од сопствените грешки и да напредуваат низ процесот на создавање.


IN MEDIAS RES
Весник на учениците
70
1956 - 2026
СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КАВАДАРЦИ
СВЕТСКИ ДЕН НА ДИЈАБЕТ
varus

Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

18.03.2026 година

Саем за вработување и кариерни можности за младите.

✓Настанот е организиран од Здружението на млади Креактив, во рамки на проектот „Зајакнување на младите преку нови можности 2 – Вардарски регион“, кој се спроведува во соработка со СОС Детско Село. Проектот има за цел да ја зголеми вработливоста на младите преку развој на нивните вештини, кариерно насочување и директно поврзување со компании и работодавачи од регионот, со што се создаваат нови можности за вработување и професионален развој



21.03.2026 година

Голем успех за нашите ученици!

Со гордост споделуваме дека на меѓународниот натпревар „Млад дрвосечач“ нашите ученици постигнаа одлични резултати и се закитија со дипломи и награди.

Честитки за:

 Оливер Митров – освоено 3 место

✋ Јован Гиневски – учество

Овој успех е резултат на трудот, посветеноста и желбата за напредок.

Ментор: Горан Зимоски

Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци



21.03.2026 година

Среќен Ден на пролетта!
Денес ја славиме пролетта – време на нови почетоци, раст и надеж. Природата се буди, сè околу нас се раззеленува и нè потсетува колку е важно да ја чуваме и негуваме.
Како ученици од шумарско, земјоделско и здравствено училиште, нашата мисија е да придонесеме за поздрава и почиста животна средина. Да садиме, да се грижиме и да создаваме подобра иднина за сите.


Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци



02.04.2026 година

СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ПРОСЛАВИ 70 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ. НА ДЕНЕШНАТА СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА СЕ ОДБЕЛЕЖАА И 161 ГОДИНА ОД РАЃАЊЕТО НА ПАТРОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО.






По повод 70 години од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци
ИЗЛОЖБА – ЕКО АРТ
Во фоајето на Домот на културата „Иван Мазов Климе“ во Кавадарци, во рамките на прославата на патрониот празник на училиштето, се организираше изложба на

уметнички дела создадени од нашите ученици, кои преку креативна применета уметност се запознаваат и ги изучуваат различните видови плодови, семиња и дрвни видови.

Ментор: Тодорка Коцева





06.04.2026 година

Проект „Вештини за иднината / Skills 4 Future“.

Во Скопје на 6 април 2026 година се одржа регионален натпревар за образовниот профил техничар за мебел и ентериер, организиран во рамките на проектот „Вештини за иднината / Skills 4 Future“, а спроведуван од МАССУМ(Младинска Асоцијација на Средни Стручни Училишта во Македонија) .

Настанот ги обедини учениците од стручните училишта, наставниците и претставниците на образовниот сектор со заедничка цел — унапредување на практичните вештини и поттикнување на креативноста кај младите. Од нашето училиште учествуваа учениците од профилите Техничар за мебел и ентериер и Техничар за обработка на дрвото Петар Мојсов и Љупче Крстевски под менторство на професор Деан Илков.

Натпреварот започна во 11:00 часот со свечено отворање, на кое беше истакната важноста од стручното образование како двигател на економскиот развој и како мост меѓу образованието и реалниот сектор. Учесниците имаа можност да ги покажат своите знаења и способности преку практична изработка на решенија од областа на мебелот и ентериерниот дизајн.

Во периодот од 11:30 до 13:00 часот учениците работеа на натпреварувачките задачи, демонстрирајќи техничка прецизност, креативен пристап и тимска соработка. Комисијата ги следеше критериумите за функционалност, естетика, иновативност и квалитет на изработката.

По завршувањето на натпреварувачкиот дел следуваше презентација на изработките, каде натпреварувачите ги образложија своите идеи, концепти и технички решенија.

Овој сегмент овозможи размена на искуства и дополнително истакнување на креативниот потенцијал на учениците. Еден од четирите ученици кои беа избрани за државен натпревар е и Петар Мојсов.
Регионалниот натпревар уште еднаш потврди дека стручното образование создава млади професионалци подготвени за современите предизвици и активно придонесува кон развојот на индустријата и дизајнот.



21.04.2026година

Денес, во нашето училиште се одржа дисеминација на искуствата од мобилноста во рамки на проектот Erasmus+, реализирана во Кипар – Ларнака. Нашите наставници кои учествуваа на оваа мобилност ги споделија своите знаења, искуства и стекнати вештини со останатиот наставнички кадар.

Во текот на презентацијата, тие ги пренесоа современите пристапи и дигитални алатки кои ги применувале во областа на земјоделието и аквакултурата, како и нови методи за подобрување на наставниот процес. Посебен акцент беше ставен на практичната примена на наученото, иновативните техники на работа и значењето на меѓународната соработка за професионален развој.

Наставниците кои учествуваа на мобилноста – Ефремчо Николов, Роза Тефова и Оливера Гркова – успешно ги пренесоа своите искуства, инспирирајќи ги колегите за

понатамошно унапредување на наставата и активно вклучување во европски образовни проекти.

Оваа дисеминација претставува важен чекор кон подобрување на квалитетот на образованието во нашето училиште и поттик за идни слични активности.



07.04.2026 година

По повод Светски ден на здравјето, да се потсетиме дека здравјето е најголемото богатство. Грижи се за себе секој ден – јади здраво и движи се. Малите навики прават голема разлика. Срцевиот ритам зборува за твоето здравје. ♥



Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

07.04.2026 година

Денес во просториите на Гимназија „Добри Даскалов“ се одржа форумот „Младински инкубатор: Од идеја до општински буџет 2027“, на кој учество земаа и учениците од СОЗШУ „Ѓорче Петров“, во присуство на градоначалникот Митко Јанчев.

Учениците беа поделени во групи и работеа на развој на сопствени иницијативи и идеи, кои подоцна ги презентираа пред присутните. Нашите ученици успешно се претставија со изработка и презентација на бизнис план, кој го презентираа и пред градоначалникот. Овој форум покажа дека младите имаат голем потенцијал и желба активно да се вклучат во развојот на заедницата, придонесувајќи со свои идеи и иницијативи за подобра иднина.



Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

08.04.2026 година

Одбележан Меѓународниот ден на Ромите – 8 Април во Општина Кавадарци

Во Големата сала на Собранието на Општина Кавадарци свечено беше одбележан Меѓународниот ден на Ромите – 8 Април, ден посветен на ромската култура, традиција, идентитет и придонесот на Ромите во општеството.

Настанот се одржа во духот на почитување на различностите, меѓусебната толеранција и промовирањето на еднаквоста, при што присутните имаа можност да проследат богата културно-уметничка програма исполнета со музика, поезија и сценски настапи.

Особено значајно учество имаа учениците од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, Зера Јусуфова и Бјондина Еминова, кои со своите настапи дадоа силен уметнички и емоционален белег на настанот. Нивната изведба беше проследена со искрени аплаузи од публиката, потврдувајќи ја важноста на младите како носители на културата, традицијата и позитивните општествени вредности.

Преку ваквите настани се испраќа силна порака за почитување на културниот идентитет, заедништвото и градењето општество во кое различностите се вредност што обединува.

Одбележувањето на 8 Април уште еднаш потсети дека културата е мост што ги поврзува луѓето, а младите генерации се најсилниот двигател на разбирањето, почитта и заедничката иднина.



Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

09.04.2026 година

Потпишан меморандум за соработка меѓу образованието и стопанството

Во насока на унапредување на практичната настава и зајакнување на врските помеѓу образовниот процес и реалниот сектор, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци и компанијата БАР ДЕ ФЕР ДООЕЛ Демир Капија.

Меморандумот е насочен кон развој и унапредување на научната и стручната дејност во областа на земјоделството, ветеринарството и рибарството, со посебен акцент на практичната обука на учениците. Со овој чекор се создаваат услови младите да стекнат реални работни искуства преку учење преку работа и директно вклучување во производните процеси.

Документот го потпишаа директорите на двете институции, кои ја истакнаа важноста од поврзување на образованието со стопанството како клучен фактор за создавање стручен и конкурентен кадар. Соработката ќе овозможи организирање практична настава, размена на знаења и искуства, како и поддршка на учениците во нивниот професионален развој.

Од училиштето потенцираат дека ваквите партнерства претставуваат значаен дел од модерниот образовен систем во Република Северна Македонија, каде практичната настава има сè поголемо значење во подготовката на учениците за пазарот на трудот.

Претставниците на компанијата нагласија дека преку општествено одговорно работење активно придонесуваат кон развојот на образованието и локалната заедница, отворајќи можности за младите да стекнат практични вештини и професионални компетенции.

Со потпишувањето на меморандумот се поставуваат темели за долгорочна соработка, која ќе придонесе за поквалитетно стручно образование и подобра интеграција на учениците во реалниот работен процес



Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

22.04.2026година

На 22.04.2026 год во спортската сала Партизан се одржа Општински натпревар по Прва помош помеѓу основните и средни училишта на Општина Кавадарци и Општина Росоман.

Учество зедоа 7 основни и 3 средни училишта.

Нашето училиште освои Прво(I) место во конкуренција на средни училишта и пласман за понатамошен реегионален натпревар кој ке се одржи во месец мај во Прилеп

Им посакуваме понатамошен успех на нашата екипа.

Ана Илиева

Сања Серафимова

Петар Мукаетов

Никола Петров

Мелани Ристова

Благица Јосифовска

Ментор

Наталија Вчкова

Валентина Мукаетов





Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

24.04.2026година

Образовно рандеву 2026 год. СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци постигна извонреден успех на манифестацијата „Образовно рандеву 2026“ која се одржа во Богданци, освојувајќи дури три златни медали во различни категории.

Училиштето се закити со највисоки признанија во категориите:

– најдобар штанд, каученицитe се истакнаа со креативност, организација и презентација,

– баскет, демонстрирајќи тимска игра, спортски дух и одлична физичка подготвеност,

– карикатура, каде младите таленти покажаа уметничка оригиналност и изразена смисла за хумор.

Овој успех претставува резултат на посветената работа на учениците и нивните ментори, како и доказ за квалитетот на образовниот процес во училиштето. Освоените награди се гордост не само за училиштето, туку и за целиот град Кавадарци.

Настанот „Образовно рандеву“ 2026 уште еднаш покажа дека младите имаат огромен потенцијал, кој со соодветна поддршка може да донесе значајни резултати и признанија.





28.04.2026 година

Нашето училиште воспостави соработка со М6 Едукативен центар, со што на нашите ученици им се овозможува нова можност за учење, развој и стекнување современи знаења и вештини.

Во М6 Едукативен центар, младите добиваат шанса да го откријат својот потенцијал, да ги развиваат своите таленти и со самодоверба да чекорат кон својата иднина. Тие не се само ученици – тие истражуваат, создаваат, соработуваат и ги претвораат своите идеи во реалност.

Преку инспиративни обуки, практична работа и поддршка од искусни едукатори, учениците градат вештини што ќе им помогнат да станат лидери на утрешнината.

Оваа соработка претставува значаен чекор кој им отвора нови хоризонти, им дава поголема мотивација и ги подготвува за иднината со повеќе знаење, самодоверба и успех.



29.04.2026 година

На 54 Државен Тракторски натпревар во организација на СОУ „ Гоце Делчев " од Валандово и со подршка од Здружението на земјоделско - ветеринарни и шумарски училишта Тера Фитон Анимал, учениците од СОЗШУ „ Ѓорче Петров " Кавадарци, од земјоделско - ветеринарната струка, заедно со нивните ментори се закитија со одлични

награди со покажувањето на своите најдобри практични вештини во следните категории:

III (трето) место во категорија, Вешто возење со трактор - женски за ученичката Слаѓана Печевска и ментор проф.Бошко Настов;

II (второ) место во категорија, Органско земјоделско производство за ученичката Мила Захарчева и нејзиниот ментор Менча Мајсторова.Сите останати ученици и ментори се стекнаа со сертификати за учество на Државниот Тракторски натпревар.



11.05.2026година

Една прекрасна завршна екскурзија со учениците од III година при СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, исполнета со незаборавни моменти, смеа, дружење и прекрасни спомени

Италија и Франција – Азурен брег

Венеција • Лидо ди Јесоло • Милано • Кан • Ница • Езе • Монако • Монте Карло

Мај 2026

Ова патување не беше само прошетка и разгледување нови места. Беше едно посебно доживување исполнето со дружење, учење, заеднички моменти, смеа и многу убави емоции. Заедно поминавме денови полни со радост, нови искуства и спомени што ќе останат засекогаш во нашите срца.

Горди сме на нашите ученици за нивното однесување, зрелост и енергијата што ја носеа на секој чекор од патувањето. Благодарни сме за секој миг поминат заедно, за секоја насмевка, фотографија и спомен што ќе нè потсетува на ова прекрасно патување.

Екскурзија која ќе ја паметиме засекогаш







14.05.2026година

На 14.05.2026 година во нашето училиште се реализираше работилница посветена на превенција од врсничко насилство, во рамките на проектот за создавање побезбедна и поддржувачка училишна средина.

Преку врсничка едукација, учениците имаа можност да разговараат за важноста на почитта, толеранцијата и правилната комуникација. Едукаторите преку интересни активности и примери покажаа како да се препознае насилството и како секој од нас може да придонесе за негово спречување.

Со ваквите настани се поттикнува меѓусебна поддршка, разбирање и градење позитивни вредности кај младите. Заедно испраќаме порака дека училиштето треба да биде безбедно место за сите ученици.

Zera Jusufova ll-4



15.05.2026година

Денес во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ се одржа Отворен ден за идните средношколци.

Им благодариме на сите ученици што нè посетија и покажаа интерес за нашето училиште, струките и активностите.

Се гледаме повторно во нашето училишно семејство!


STIHL








He
B C N O F Ne
Al Si P S Cl Ar
Ga As Se Kr




H
He
Li Be
B C N O F Ne
Na Mg
Al Si P S Cl Ar
K Ca
Ge As Br
Rb
Cs





Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

20.05.2026година

На 20.05.2026 година се одржа Матурска вечер за матурантите од нашето училиште.



20.05.2026година

На 20 мај 2026 година, во Хотел „Романтик“ во Велес се одржа работилница на тема функционирање и демократски придобивки од медиумите на заедницата, во рамки на проектот „Медиуми на заедницата за граѓански ангажман“, поддржан од Европската Унија и спроведуван од Институтот РЕСИС.

На работилницата учествуваше и нашата ученичка Весна Мартинова од I-6, профил медицинска сестра, која е и претставник на новинарскиот клуб при нашето училиште, заедно со проф. Ефремчо Николов.

Програмата опфати воведно излагање, сесии за значењето на медиумите на заедницата и примери од Европа, како и јавна дебата за потребите на граѓаните од Вардарскиот Регион.

Настанот придонесе за поттикнување на младинската вклученост и разбирањето на улогата на локалните медиуми во општеството.

Известува: Весна Мартинова



21.05.2026година

Денес во нашето училиште се одржа едукативно предавање на тема „Оплодување и репродуктивно здравје“, подготвено од учениците од I-5, профил Фармацевтски техничар, под менторство на проф. д-р Перо Пењушков.

Предавањето имаше за цел да ја подигне свеста кај учениците за важни аспекти од човечкото здравје и развој, како и да поттикне одговорен однос кон сопственото тело и здравје.

Во текот на презентацијата беа обработени неколку значајни теми. Учениците детално зборуваа за менструалниот циклус, објаснувајќи ги неговите фази и неговото значење

како природен процес во женското тело. Потоа беше објаснет процесот на оплодување, односно како настанува почетокот на нов живот.

Посебен акцент беше ставен и на темата несакана бременост, каде што се нагласи важноста од информираност, одговорност и навремена едукација. Во тој контекст беа претставени и контрацептивните методи, нивната улога и значење во заштитата на репродуктивното здравје.

Предавањето помина во интерактивна атмосфера, со интересни објаснувања и можност за прашања и дискусија, што дополнително придонесе за поголема вклученост на учениците.

Ова е уште еден чекор во насока на современа и квалитетна едукација, која ги поттикнува младите да бидат информирани, одговорни и свесни за сопственото здравје.

21.05.2026година

Едукативно предавање на тема „Оплодување и репродуктивно здравје“ - подготвено од учениците од I-5 профил Фармацевтски техничар под менторство на проф. д-р Перо Пењушков

“…Пред сè нашето општество треба да води грижа за несаканата бременост во најраните денови од адолесценцијата и пубертетот. Исто така младите се соочуваат со недоволна информираност за контрацептивните средства…” - изјави проф. д-р Перо Пењушков





27.05.2026година

На 27.05. Среда, со почеток во 10.00 часот (трети час) во конференциската сала се реализира едукативно предавање на тема "Соочување со предизвици и стигматизација" од страна на претставници од Еко живот - Кавадарци.

Лицата со попреченост се важен дел од нашето општество. Тие имаат исти желби, соништа и права како и сите други луѓе. Попреченоста не треба да биде причина некој да биде исклучен, потценет или навредуван. Напротив, секој човек заслужува почит, поддршка и еднакви можности.

Во училиштата, на улиците и во секојдневниот живот треба да покажуваме разбирање и солидарност. Мал гест како помош при движење, убав збор или дружење може многу да значи. Најважно е да не ги гледаме различностите како пречка, туку како дел од човечката уникатност.

Многу лица со попреченост се успешни спортисти, уметници, научници и ученици. Тие секој ден докажуваат дека со труд и поддршка можат да постигнат големи успеси. Затоа, наместо сожалување, треба да им дадеме можност да ги покажат своите способности.

Да изградиме општество во кое сите ќе се чувствуваат прифатени и еднакви. Бидејќи вистинската сила на еден човек не се мери по тоа што може физички да направи, туку по неговото срце, волја и добрина.

Годишен извештај на СОЗШУ „Ѓорче Петров“- Кавадарци

Пишува: Матеа Петрова



Септември/октомври	Стручна поддршка на наставниците во изработката на Модифицирана наставна програма за ученици со комплексни образовни потреби: - Обезбедување соодветни формулари за изработка на МП; - Давање на конкретни насоки за пополнување на формуларите, - Давање на конкретни стручни насоки за неопходни модификации и прилагодување во наставниот процес согласно можностите на ученикот и компетенциите за самостојност, личен раст и развој, - Обезбедување директна стручна помош во изработката на истите;	Стручна поддршка на наставниците за соодветно планирање, модифицирање на наставата и работа со учениците со ПОП, согласно нивните потреби	Извештај од реализирани активности за стручна поддршка од дефектолог при изработка на МП по наставни предмети;
Прво полугодие	Увид во квалитетот на планирање на наставниците (ИОП и МП) и давање на насоки за нивно подобрување	Давање на стручна поддршка во планирање на наставата согласно потребите на учениците	Евиденција од изработени ИОП Евиденција на изработтени МП
Прво полугодие	Давање на стручна помош поддршка на наставниците за полесно идентификување на учениците со ПОП и стратегии за работа со ученици со различна попреченост	Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање и работа со ученици со различна попреченост	(Насоки во електронска и печатена форма) Стратегии на прилагодување – содржани во ИОП за конктетниот ученик; Насоки за работа со ученици:

			- Насоки за работа со ученици со успорен когнитивен развој; - Насоки за идентификација на ученици со тешкотии во учење – дислексија; - Насоки за работа со ученици со дислексија; - Општи препораки во работата со учениците со ПОП
Прво полугодие	Следење на наставата и работата со учениците со ПОП и давање на повратна информација на наставникот за различните аспекти кои се набљудувани (посета на час)	Проценка на степенот на инклузираност на учениците со ПОП во наставниот процес	Соопштение за посета на час; Обрасци за следење на наставен час; Корегирани подготовки Извештај од следење на наставни часови во прво полугодие во учебната 2025/2026
Прво полугодие	Давање на насоки за начинот на оценување на учениците со посебни образовни потреби	Подобрување на процесот на настава и учење на учениците со ПОП преку оценување прилагодено на нивните способности и потреби	Правилник за оценување на ученици кои учет по ИОП и МП Консултации, Прилагодени тестови, изработки од ученици
Учебна година	Помагање на наставниците да ги согледаат причините за несоодветното однесување на учениците и предлагање на стратегии за нивно надминување	Поддршка на наставникот во справување и надминување на проблемите со однесувањето на ученикот	Усни консултации
Учебна година	Набљудување на однесувањето на ученикот со ПОП за време на настава и одмор и давање на повратна информација на наставникот за подобрување на социо – емоционалната клима во училница	Давање на стручна поддршка за обезбедување позитивна социоемоционална клима во училница	Усни консултации
Учебна година	Советодавна – консултативна работа со образовните асистенти во различни аспекти на инклузивното образование: - континуирана соработка и комуникација со образовни асистенти (размена на информации за ученикот);	Обезбедување тимски пристап и усогласување на мерките на поддршка во инклузивниот процес; Да се обезбеди стручна поддршка на образовнот асистент во планирање и	Евиденција на реализирана советодавно- консултатитвна работа со образовни асистенти.

	- стручна поддршка и насочување на образовниот асистент за работа со ученикот (давање конкретни, јасни и применливи насоки за работа со ученикот); - консултации и заедничко планирање на активности; - следење на постигнатите резултати и напредокот на ученикот, - обезбедување на соодветни ресурси за работа со ученикот - следење на постигнатите резултати и напредок на ученикот, утврдување на ефективноста на применетите наставни и поддржувачки стратегии и планирање на понатамошни активности	реализзција на поддршката за ученикот со ПОП.	

II. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

Активностите произлегуваат од следните потподрачја:

- **Индивидуални и групни советувањеа и консултации со родителите;**
- **Едукација на родителите;**
- **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето**

период	Активност	Цел на активноста	Докази
септември	Запознавање на родителите со услугите што училиштето ги нуди за поддршка на учениците со ПОП	Добивање на податоци за инклузивната политика и практика на ниво на училиште	Евиденција од разговори,
октомвр.	Запознавање на родителите со процесот на Индивидуално образовно планирање на наставата за учениците со ПОП, улогата што ја имаат тие, како и придобивките од истото	Помагање на родителите да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја даваат потребната поддршка	Евиденција од разговори; Согласност за изработка и следење на настава по ИОП
октомв.	Вклучување на родителот како активен член во изработката на ИОП и МП: - Земање во предвид на нивните потреби, барања и	Промовирање на доверба и разбирање за градење на партнерки однос со семејствата во ВОП со учениците со ПОП	Согласност од родител за реализирање на ИОП и МП

	сугестии; - Увид на родителот во изработениот ИОП и МП и добивање на согласност за негова реализација		
октомври	Информирање на родителите за можностите за консултација за различни прашања во врска со процесот на учење на ученикот и потребата од соодветна стручна поддршка	Излегување во пресртет на потребите на родителите и учениците и градење на однос на доверба.	Телефонски контакт
Учебна година	Редовно информирање на родителите за успехот и напредокот на нивното дете	Промовирање на доверба и разбирање за градење на патнерки однос со семејствата во ВОП со учениците со ПОП	Евидентни листови за успех и поведение, Извештај за напредок на ученик; Телофонски контакти, Увид во изработки
Учебна година	Советување и давање на стручна помош и поддршка за успешно справување со проблемите и потешкотиите на кои наидува нивното дете.	Излегување во пресртет на потребите на родителите и учениците и градење на однос на доверба	Евиденција од разговори

III. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Активностите произлегуваат од следните потподрачја:

- **Соработка со локалната заедница;**
- **Соработка со стручни институции и организации**

период	Активност	Цел на активноста	Докази
учебна година	Соработка со стручни институции и организации (БРО, МОН, ДПИ, органи на локална самоуправа) за прашања поврзани со учениците со ПОП	Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции. Обезбедување на навремени и точни информации за потребите на институциите	Електонска пошта; Табели за ученици со ПОП; чек листи;
Учебна година	Соработка со Средно училиште со ресурсен центар „Искра“ - Штип за обезбедување на препорачаните услуги за учениците со посебни образовни потреби (ПОП) согласно законскатата регулатива и принципите на инклузивно образование.	Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции.	Поднесени барања за обезбедување на образовни асистенти; Изработени ИОП, МП; Електонска пошта

	Редовна комуникација со СУРЦ „Искра “ - Штип за навремена размена на информации, координација на активности и следење на обезбедување на препорачаните услуги за учениците со посебни образовни потреби (ПОП).		Телефонски контакти
учебна година	Редовна соработка со дефектолозите од локалните основни училишта: - Добивање на основни податоци за учениците со ПОП запишани во прва година; - Активности за презентирање на училиштето како поддршка на професионалната ориентација на деветтоодделенците со ПОП;	Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции; Придонес во професионалната ориентација на деветтоодделенците со ПОП; Транвер на информации за ученици кои се вклучуваат со средното образование.	Телефонски контакти; Евиденција од остварени средби
учебна година	Соработка со Сектор за средно образование, и Градоначалник на Општина Кавадарци: - Постапување по дадени насоки за спроведување на активности со цел идентификување и превенирање на насилство.	Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции.	Допис од Општина Кавадарци; Водење досие на ученици за превенција на насилство
Мај	Соработка со невладин сектор на полето на промоција на инклузијата во локалната заедница. Вид на активност: Едукативно предавање на тема „Соочување со предизвици и стигматизација“! Предавањето е дел од истоимениот проект реализиран од страна на НВО Еко живот – Кавадарци, Порака-Неготино и Здружение за лица со церебрална парализа и други попреченост, Велес. Предавањето се реализира во СОЗШУ„Ѓорче Петров“ Кавадарци од страна на лица со попреченост, претставници на Здружението на лица со телесна попреченост „Мобилност“ - Кавадарци. Во активноста	Промовирање на професионалност, доверба и почит во градење на партнерство со стручни институции и организации	Извештај од реализирана активност Фотографии од активноста

	учествуваа 40 ученици.		





IV. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Активностите произлегуваат од следните потподрачја:

- **Личен професионален развој**
- **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето**

период	Активност	Цел на активноста	Докази
Учебна година	Проучување на соодветна стручна литература; Следење на новите трендови во третманот и воспитно – образовниот процес на учениците со ПОП	Користење на стекнатите знаења преку стручно усовршување за унапредување на сопствената практика	книги, прирачници, релевантни веб извори
Учебна	Примена во практика на новите	Унапредување на практичната работа и	Изработени стручни материјали;

година	сознанија од струката	постигнување на подобри резултати	Примена на специфични методи во работата со учениците со специфични тешкотии во учење; Изработени специфични нагледни средства за потребите на учениците со ПОП (адаптирани презентации, слики, дидактички материјал)
Учебна година	Учество на обуки, семинари и вебинари	Унапредување на сопствената практика преку континуирано стручно усовршување	Сертификати за учество
- Учество на обука под наслов: **„Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“,** Биро за развој на образованието, Скопје, октомври 2025 год. - Учество на вебинар на тема: **„Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“.** Вебинарот е организиран од страна на СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје, во ракки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, Скопје, 10.12.2025; - Учество на вебинар на тема: **„Како да ги препознаеме учениците со дискалкулија и АДХД“**, организиран ос страна на Здружението за дислексија Ајнштајн, во рамки на Еразмус + проектот Skill compass, Скопје, 06.05.2026 година; - Учество на обука на тема: **„Превенција на сексуално насилство“,** реализирана во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ , поддражано од Комисија за спречување и заштита од дискриминацијам, Народен правобранител на РСМ и Биро за развој на образованието (БРО) – Велес, март, 2026 година.		
декември	Учество во работата на тимот за професионален развој на училиштето. - Планирање и реализација на активности за подготовка и давање мислење за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник – ментор, врз основа на систематки прибрани и анализирани податоци от тимот за професионален развој, мислењето на наставниците, учениците и родителите, .	Придонес во унапредување на професионалниот развој на воспитно образовниот кадар во училиштето.	Член на тим за професионален развој Записници од состаноци Спроведени анкети Изготвено мислење
Учебна година	Реализирање на активности за интерно стручно усовршување на наставниците (Унапредување на компетенциите и	Придонес во унапредување на професионалниот развој на воспитно образовниот кадар во	Презентации; Изработени стручни материјали: Насоки за работа со ученици со ПОП согласно

	вештините на наставниците од подрачјето за социјална и образовна инклузија)	училиштето	потребите на наставниците и во склад со сознанија од истражувања. (материјалите се доставени до наставниците во електонска форма); Насоки за изработка на ИОП и МП; Извештаи од реализирани активности

V. АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Активностите произлегуваат од следните потподрачја:

- **Анализа и проценка на воспитно - образовната работа**
- **Истражување на воспитно – образовната работа**

период	Активност	Цел на активноста/компетенции	Докази
август	Изготување на инструменти за прибирање на податоци за учениците со ПОП; Изготвување на дијагностички инструменти за проценка на функционалните можности и способности на учениците со ПОП;	Воспотавување на систем на редовни анализи на одделни воспитно – образовни прашања во училиштето Воспоставување на систем на собирање на информации за состојбата и потребите на учениците со ПОП	Евидентни листи Формулари Тестови за проценка
прво полугод.	Мерење на функционалните можности и способности на учениците со примена на посебни дијагностички инструменти и пишување на стручно мислење за развојот на ученикот	Залагање резултатите од проценката да се користат за унапредување на ВОР со учениците со ПОП во насока на обезбедување на соодветна поддршка	Тестови на проценка Стручно мислење
учебна година	Анализата на податоците за успехот, редовноста и поведението на учениците со ПОП на крајот на секое тримесечие	Залагање резултатите од анализите да се користат за унапредување на ВОП на учениците со ПОП	Евиденција за успех и редовност на учениците со ПОП
учебна година	Учество во изготвување на документи (обрасци, евидентни листи) за прибирање податоци) за различни сегменти на воспитно образовната работа	Воспотавување на систем на редовни анализи на одделни воспитно – образовни прашања во училиштето	Евидентни листи Формулари
учебна година	Учество во изработка на прегледи, анализи и извештаи за успехот, редовноста, поведението, опфатот и напредувањето на ученците,	Воспоставување на систем на редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето,	Прегледи Анализи извештаи

	социјалната состојба и потребите на учениците на крајот на секој квалификационен период	Залагање резултатите да се користат за унапредување на ВОР	
јуни	Изработка на годишен извештај за сопствената работа за учебната 2025/2026	Поврзување, обработување и анализирање на различните податоци од ВОР и извлекување на заклучоци	Годишни извештаи
јини	Изработка на годишен извештај на активности на инклузивниот тим во училиштето за учебната 2025/2026;		
јуни	Учество во изработката на годишниот извештај на активности на училиштето за учебната 2025/2026 година		

VI. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

Активностите произлегуваат од следните потподрачја:

- **Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно – образовната работа, педагошка евиденција и документација и евалуација);**
- **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество**

период	Активност	Цел на активноста/компетенции	Докази
август	Учество во подготвување на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година: - Планирање и програмирање на работата на стручниот соработник – дефектолог	Придонес во успешно планирање на воспитно - образовната работа во училиштето	- Изработена годишна програма на стручен соработник - дефектолог
учебна година	Соработка со стручните органи и тела во училиштето: - Учество во работата на совет на паралелка; - Учество во работата на наставнички совет. - Учество во работата на стручните активи	Следење на резултатите од воспитно - образовниот процес во училиштето/предлагање на мерки за унапредување	- Евиденција од учество на состаноци, - Записници од состаноци
учебна година	Учество во работата на Училишниот инклузивен тим (УИТ) во училиштето и инклузивните тимови	Придонес во градење на инлузивна политика и практика	- Одлука за формирање на УИТ; - Решение за формирање на ИТУ;


	на ученици со ПОП (ИТУ): - Изработка за програма за инклузија на ученици со ПОП за учебната 2025-2026 година; - Соработка и континуирана консултативна работа со членовите на УИТ за сите прашања поврзани со инклузивната политика и практика на ниво на училиштето; - Соработка и континуирана консултативна работа со членовите на ИТУ за сите прашања поврзани - со инклузивнивната практика за конкретниот ученик. - Изработка на Индивидуални образовни планови за учениците со ПОП; - Изработка на МП за ученици со комплексни потреби; - Организирање на состаноци на УИТ.	на ниво на училиште	- Програма за инклузија на ученици со ПОП за учебната 2025-26 година; - Програма за работа со ученици со ПОП; - Записници од состаноци на Училишен инклузивен тим; - Извештај за работата на УИТ во учебната 2025/26 година; - Индивидуални планови за ученици со ПОП. - Мислења, насоки, препораки за работа со ученици со ПОП
учебна година	- Водење на педагошка евиденција и документација за учениците со ПОП; - Следење на начинот на водење на педагошка евиденација и документација за учениците со ПОП и давање на насоки за подобрување	Уредно водење на педагошка евиденција и документација/ обезбедување на систематичност во работата	Педагошка евиденција и стручна документација за ученици со ПОП: - Досие за секој ученик со ПОП; - Индивидуални образовни планови за учениците со ПОП; - Стручно мислење за учениците со ПОП - Евиденција на индивидуалната работа со учениците со ПОП; - Евиденција од советодавна – консулатативна работа со ученици, родители и наставници, - Евиденција од изработени среднорочни планирања на наставната програма за ученици со ПОП; - Извештај за напредокот на ученикот.
октомври	Учество во активностите за Самоевалуација на	- Промовирање на систематичност	- Решение за именување на членови на

	училиштето во подрачјето Наставни планови и програми, за период 2023-2024; 2024-2025 учебна година: - Изработка на инструменти за самоевалуација, - Анкетирање на целни групи; - Обработка и интерпретација на резултати - Пишување ма евалуациски извештај	и одговорност во работењето на училиштето; - Придонес во евалуација и вреднување на работата на училиштето	работни тимови за спроведување на самоевалуација на училиштето, - Спроведено анкетирање - Евалуациски извештај од подрачје Наставни планови и програми
Ноември	Учество во активности за Следење на наставни часови од различни аспекти согласно Процедурата за следење на наставни часови. Активностите опфаќаат: - Следење и вреднување на работата на наставникот од страна на стручните соработници и директорот; - Идентификација на јаки страни на наставникот и области за понатамошен развој.	- Интерна евалуација и вреднување на квалитетот на настава во училиштето; - Унапредување на квалитетот на настава во училиштето	- Пополнети чек листи; - Подготовки за час - Извештај од следење на наставни часови во учебната 2024-2025 година, - Препораки за унапредување на квалитетот на настава во училиштето.
учебна година	Учество во работата на Училишната комисија за интерна контрола за уредно водење на педагошката евиденција и документација (дневник на паралелка, главна книга, свидетелства) – член на комисија	- Уредно водење на педагошка евиденција и документација	- Решение по донесена одлука од Директор; - Записници од извршен увид и контрола
Учебна година	Индивидуално советување на учениците за прифаќање на нивните соученици со ПОП	- Помагање на ученичката заедница за полесно прифаќање на ученикот со ПОП; - Создавање на клима за прифаќање и недискриминација	- Евиденција од реализирани советодавни – консултативни разговори
октомври	Активност за подобрување на инклузивната клима во училиштето: **Работилници на тема „Инклузија на ученици со ПОП во редовниот образовен систем“.**	Цели на активноста: - Создавање клима за прифаќање и недискриминација; - Промовирање на вредности кои	- Евиденција на присутни ученици - Презентација; - Работни листови - Фотографии од активноста

	Време на реализација: 14/16. 10. 2025 година Место на реализација: училница, СОЗШУ„Ѓорче Петров“ - Кавадарци Учесници: ученици од прва година од сите струки, вкупно 66 ученици, поделени во четири групи. Активноста ја планира и реализира стручен соработник/дефектолог.	се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување; - Поттикнување на соработка помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна училишна инклузивна клима,	- Извештај од реализирана активност.
Конкретни цели на работилницата: • Подигање на свеста и разбирањето на учениците за значењето на поимот инклузија и инклузивно образование; • Разбирање на бариерите што луѓето со различни способности, културни и социјални различности ги доживуваат • Согледување на бенефитите од инклузијата за општеството во целина. • Сензибилизирање на учениците за можностите и потребите на учениците со ПОП; • Поттикнување на емпатија, соработка и конструктивен дијалог. • Поттикнување и развивање на вештина на ставање во позиција на друг (емпатија); • Осмислување на сопствени предлози за подобрување на инклузивната клима во училиштето и спречување на дискриминација.			
Фотографии од активноста:			







ноември	Активност за подобрување на инклузивна клима во училиштето: **Одбележување** на **месец октомври - интернационален месец за подигнување на свесноста за ДИСЛЕКСИЈАТА и тешкотиите во учењето**. Вид на активности: - Едукативно предавање наменето за ученици на тема „ Дислексија - причини, знаци, тешкотии и потреби“. - Споделување на информативно – едукативен материјал на тема дислексија (флаер). - Гледање на видеа во кои е претставена животната приказна на лица кои се соочуваат со дислексија (тешкотии, предизвици, дарби). Време на реализација: 03.11. 2024 година	Цели на активноста: - Создавање на клима за прифаќање и еднаквост; - Помагање на ученичките заедници да ги прифатат учениците со попреченост; - Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување - Поттикнување на соработка помеѓу сите чинители во училиштето за создавање на безбедна училишна инклузивна клима, - Превенирање на случаи на дискриминација и	- Евиденција на присутни ученици - Презентација; - Изработен едукативен постер и флаер, - Извештај од реализирана активност.

	Место на реализација: конференциска сала, СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци Учесници: ученици од прва година од сите струки и профили, вкупно 50 ученици. Активноста ја планира и реализира стручен соработник/дефектолог.	нерамноправност	

Конкретни цели на активноста:

- Подигнување на свеста кај учениците за постоењето на дислексијата како состојба која предизвикува тешкотии во учењето;
- Запознавање со начинот на манифестирање на истата, со одбрамбените механизми како начин на прикривање на дислексијата во насока на нејзино препознавање (кај себе или кај другите);
- Добивање на реална слика за тешкотиите со кои се соочуваат, но и за способностите кои ги поседуваат учениците со дислексија;
- Поттикнување на позитивни ставови, разбирање, толеранција и емпатија кон различните потреби на овие ученици.
- Укажување на важноста од навремето препознавање и соодветниот пристап врз успехот и напредокот на ученикот.

Фотографии од активноста:







март	**Активности за одбележување на 21 Март, Меѓународен ден на лицата со Даунов синдром.** Вид на реализирани активности: - Едукативно предавање на тема „Даунов синдром“. - Споделување на информативно – едукативен материјал (флаер) на тема Даунов синдром; - Дискусија Време на реализација: 18.03.2026 Место на реализација: конференциска сала, СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци Учесници: вкупно 32 ученици од прва година, од различни профили.	Цели на активноста : • Промовирање вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување; • Превенирање на случаи на дискриминација и нерамноправност во училиштето; • Развивање на позитивни ставови кон учениците со попреченост и тешкотии во учењето, развивање на солидарност, хуманост и емпатија; • Поттикнување соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна	- Евиденција на присутни ученици - Презентација - Флаер - Фотографии од активноста - Извештај од реализирана активност -

	Активноста ја организира стручен соработник/дефектолог во соработка со стручен соработник педагог и ученичка заедница.	училишна средина; • Создавање клима за прифаќање и недискриминација.	

Конкретни цели на активностите:

- Да се едуцираат учениците за генетската состојба - Дауновиот синдром, причини за настанување и карактеристики во развојот.
- Да се едуцираат учениците за можностите и потребите на овие лица - образовни, социјални и работни способности.
- Поттикнување на поголема свесност кај учениците и нивно сензибилизирање на потребите и можностите на учениците со ДС .
- Поттикнување на позитивни ставови, разбирање, толеранција и емпатија кон различните потреби на ученците.
- Да се промовираат стратегии за поддршка и вклучување на лицата со ДС во заедницата.

Фотографии од активноста:







Март	**Активности за одбележување на 2–ри**	Цели на активноста:	- Евиденција на присутни ученици;

	Април, Светски ден за подигнување на свесноста за лицата со аутизам. **Вид на реализирани активности** **(методи на работа):** • **Едукативна презентација** Презентација на тема „Аутизам – улогата на врсниците во поддршката на учениците со аутизам“, реализирана од ученици од здравствена струка, со цел пренесување на основни знаења и информации • **Драматизација на реални ситуации** Преку методот на драматизација, учениците симулираа ситуации од секојдневна врсничка интеракција со ученици со аутизам, при што: o моделираа позитивни (соодветни) и негативни (несоодветни) форми на однесување; o согледуваа конкретни примери на прифатлива и неприфатлива комуникација; o развиваа емпатија и разбирање преку влегување во различни улоги. • **Анализа и дискусија** По реализираните активности следеше водена дискусија, насочена кон препознавање на соодветни однесувања, критичка анализа и предлагање стратегии за подобрување на комуникацијата и интеракцијата.	• Придонес во инклузивната клима во училиштето – создавање на клима на прифаќање и недискриминација; • Промовирање вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување; • Превенирање на случаи на дискриминација и нерамноправност во училиштето и преземање на соодветни мерки; • Развивање на позитивни ставови кон учениците со попреченост и тешкотии во учењето, развивање на солидарност, хуманост и емпатија; • Поттикнување соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима; • Создавање клима за прифаќање и недискриминација.	- Презентација - Фотографии од активноста

	Активноста ја планира и организира стручен соработник/дефектолог во соработка со стручен соработник педагог и ученичка заедница. Време на реализација: 30.03. 2025 година Место на реализација: конференциска сала , СОЗШУ„Ѓорче Петров “ – Кавадарци, Учесници: вкупно **33 ученици**, од различни профили		

Конкретни цели на активноста:

- Преку стручно информирање и советување да се поттикне повисоко ниво на свесност за аутизмот и за лицата со попреченост, како и разбирање за нивните потреби, можности и права;
- Да се развие способност кај учениците за воочување и разбирање на предизвиците со кои се соочуваат учениците со аутизам,
- Да се развие способност кај учениците за согледување на поврзаноста меѓу нивното предизвикувачко однесување и карактеритиките на нивниот развој;
- Поттикнување на позитивни ставови, толеранција, емпатија и прифаќање на различностите;
- Поттикнување на позитивна врсничка интеракција преку развивање соодветни модели на однесување и комуникација, како и препознавање и надминување на негативни модели;
- Развивање и имплементација на практични стратегии за комуникација и социјална интеракција со ученици со аутизам, засновани на релевантни теоретски и практични знаења за аутистичниот спектар, како и на примена на методот на драматизација како средство за искуствено учење и моделирање на однесување.

Фотографии од активноста:







Изработил,
Антонија Делева Рамова

ПРИЛОГ 6

6. Извештаи од проекти

ИЗВЕШТАЈ

Од активности од програма Erasmus 2025-1-MK01-KA121-VET-000330324– „Ѓорче Петров” Кавадарци,
Современи дигитални алатки во земјоделието, шумарството & аквакултури.
Мобилноста се одржа во Ларнака - Кипар во период од 17.03-30.03.2026



ИЗВЕШТАЈ

Од активности од програма Erasmus 2025-1-MK01-KA121-VET-000330324– „Ѓорче Петров” Кавадарци,
Современи дигитални алатки во земјоделието, шумарството & аквакултури
Обуката се одржа во Ларнака-Кипар.

Во периодот 17.03 – 30.03.2026 година во организација на Erasmus + 2025-1-MK01-KA121-VET-000330324, ученици и професори од „Ѓорче Петров” Кавадарци, реализираа обука за Современи дигитални алатки во земјоделието, шумарството & аквакултури

Целта на оваа обука е да им овозможи на учениците и наставниците, да се запознаат со современите трендови и иновации во дигиталното земјоделство и шумарство, агро-прехранбениот сектор и аквакултурата.

Преку комбинација на теоретски предавања, практични работилници и студиски посети на релевантни институции како Cyprus University of Technology и Agricultural Research Institute, учесниците имаа можност да стекнат знаења за примена на дигитални технологии (IoT, дронови, вештачка интелигенција) во земјоделството и шумарството, развој на претприемачки вештини и креирање на иновативни агро-бизнис идеи, европски политики и програми за поддршка на земјоделството и шумарството, поврзување на теоријата со практиката преку реални примери од индустријата.

Дополнително, обуката имаше за цел да ја поттикне тимската работа, критичкото размислување и активното учество на учениците во креирање на сопствени проекти.

Активностите од обуката се одржаа во Ларнака, Аја Напа и Лимасол во Кипар. Истите вклучуваа **теоретски предавања, практични работилници, студиски посети на истражувачки институти и прехранбени капацитети. Во рамки на посетата на Кипар беа реализирани и посети на значајни културни и историски знаменитости.** активности.

На првиот ден организаторот на проектот Christina Achilleos, né запозна со агендата односно **со целите на програмата, распоредот на активностите и очекуваните резултати. Беа представени** и **експертите кои се дел од програмата. Следуваше представување од нашиот тим преку icebreaker запознавање. Домаќшнот ни овозможи** кратко, но содржајно запознавање **со Кипар, неговите најзначајни културни и историски знаменитости. Воедно посебен акцент беше ставен на солените езера, фламингата** и **проблемот со дефицитот на вода.**

Во текот на активностите беше поставено прашање до учениците за тоа што представува „Фармер" и какво значење има оваа професија за нив. Преку дискусија тие ги изразија своите ставови и размислувања, при што се отвори простор за подлабоко разбирање на улогата на фармерот во современото општество.

Овој ден го завршивме со посета на едно од **солените езера,** кое се наоѓаше во наша близина. Овде имавме можност да ги набљудуваме **фламингата, биодиверзитетот и природната околина.**



.




Вториот ден од мобилноста беше реализиран од експертите Константинос и Александро кои како едукатори истакнаа дека земјоделството и шумарството се две значајни, но сè уште недоволно ценети гранки во современото општество. Тие ги мотивираа учениците да ја согледаат важноста на овие сектори и нивните можности за професионален развој.


Во продолжение, учениците учествуваа во интерактивна и динамична игра насочена кон развивање на организациски, комуникациски и тимски вештини. Секој ученик доби конкретна улога во рамки на симулиран работен процес, со јасно дефинирани задачи и одговорности:

- **Production manager** – одговорен за координација на целокупниот процес и распределба на задачите;
- **Store manager (parts expert)** – задолжен за управување со материјали и делови потребни за работа;
- **Mechanic** – практично ја извршуваше работата според зададените инструкции
- **Runner** – се грижеше за навремена комуникација и пренос на информации и материјали меѓу членовите на тимот;
- **Auditor (trainer role)** – ја следеше работата, даваше насоки и вршеше евалуација на процесот;

Преку оваа активност, учениците имаа можност да научат како функционира еден тим, како се распределуваат одговорности и колку е важна добрата организација, комуникација и соработка за успешно извршување на задачите и постигнување на целта.

За учениците оваа вежба представуваше практично искуство преку која тие развија чувство на одговорност, меѓусебно почитување и припадност кон тимот. За домашна задача добија да креираат сопствен бренд при што беа поделени во групи. Секоја група имаше задача да развие концепт за различен производ. Подготвените идеи беа презентирани наредната ден пред Елуиза, при што учениците ги представија своите брендови и начинот на нивна продажба. Групата која најдобро и најубедливо го презентираше својот производ беше наградена.





На третиот ден **Eloiza Savvidou**, едукатор за претприемништво, им одржа кратко предавање за тоа што значи да си предприемач (**entrepreneurship)**, основи на **бизнис иновации и одржливост** и како да се креира **сопствен бизнис**. Исто така, направи рекапитулација за тоа што учениците досега научиле за **Кипар**. Предавањето продолжи со **презентирање на примери на успешни стартапи и иновативни агро-проекти**, со акцент на тоа како се идентификуваат можности, како се развива идејата во реален бизнис и како се применуваат принципите на **одржливост и иновација** во агро-секторот. Учениците имаа можност да дискутираат, поставуваат прашања и да размислуваат како стекнатото знаење можат да го искористат за сопствени проекти.

Предавањето предизвика **посебен интерес кај учениците** особено кога се дискутираше за **креирање на сопствен бизнис, примери на успешни стартапи и иновативни агро-проекти**, како и за тоа како идеите можат да се реализираат со примена на **одржливи практики и современи технологии**.





Четвртиот и петтиот ден беа посветени на слободни активности и културно разгледување на градот Ларнака. Во рамките на посетата, учениците имаа можност да ја посетат Ларнашката тврдина, историски објект изграден во средниот век, кој служел како одбранбена тврдина за заштита на градот и пристаништето. Денес, тврдината претставува музеј каде може да се видат експонати од различни историски периоди, што им овозможи на учениците подобро да се запознаат со богатото минато на регионот.





Исто така, беше посетена и Црквата Свети Лазар, еден од најзначајните верски објекти на Кипар. Според христијанската традиција, тука се наоѓаат моштите на Свети Лазар, кој по воскресението од Исус Христос дошол во Ларнака и станал нејзин прв епископ. Црквата, изградена во 9 век, се одликува со прекрасна византиска архитектура и богато украсен иконостас, што остави силен впечаток кај учениците.

Најпознатиот дел од градот е шеталиштето Финикудес (*Finikoudes*), кое започнува со Плоштадот Европа (*Europa Square*). Шеталиштето продолжува со улицата *Piale Pasa, која завршува со познатата плажа Мекензи.*



Останатиот дел од денот учениците го поминаа уживајќи на прекрасните плажи во Ларнака, каде имаа можност да се релаксираат и да уживаат во природните убавини на Медитеранот. Дополнително, тие ги пробаа и традиционалните локални специјалитети, запознавајќи се со кипарската кујна и култура.

На шестиот ден, 23.03.2026 година, беше организирана посета на туристичкиот град Аја Напа.



Во рамките на оваа посета, учениците имаа можност да посетат фабрика за производство и преработка на зеленчук (компир, морков и кромид), која се наоѓа во близина на селото Лефкара, во јужниот дел на Кипар.



Учениците беа топло пречекани од вработените, кои со голема љубезност и професионалност им дадоа детално објаснување за процесот на производство. Посебен акцент беше ставен на познатиот **црвен компир**, кој е карактеристичен за овој регион. Беше објаснето дека специфичната боја, квалитет и вкус на компирот се должат на т.н. „црвена земја“ – плодна почва богата со железо, која му дава препознатлив изглед и висока хранлива вредност.



Дополнително, учениците се запознаа со современите технологии што се применуваат во производството, начинот на одгледување, берба и пакување на производите, како и нивната подготовка за пласман на пазарот. Оваа посета претставуваше одлична можност за практично учење и поврзување на теоретските знаења со реални примери од земјоделството.

Останатиот дел од денот го поминавме со посета на Аја Напа, каде учениците имаа можност да да ја посетат Farmers House, која е всушност фолклорен музеј/ реконструкција на традиционална куќа од минатото. Во рамките на посетата беа изложени автентични земјоделски алати, опрема и предмети што се користеле во минатото, како и начини на производство и складирање на храна. Ова им овозможи на учениците да направат споредба помеѓу традиционалното и современото земјоделство.





Потоа го посетивме и Манастирот Аја Напа**(Ayia Napa Monastery),** еден од најзначајните културно-историски споменици во регионот. Манастирот потекнува од средниот век и е познат по својата уникатна архитектура, мирната атмосфера и богата историја. Учениците имаа можност да се запознаат со неговото значење, како и со религиозната и културната традиција на Кипар.



Седмиот ден 24.03.2026 беше посветен на теренски активности и студиски посети. Најпрво го посетивме **соленото езеро во** Ларнака, каде имавме можност да се запознаеме со природните карактеристики и биодиверзитетот на овој регион.





Во непосредна близина на езерото ја посетивме и џамијата **Hala Sultan Tekke,** каде учениците се запознаа со културното и историското значење на овој објект.

Потоа ја посетивме компанијата **ALAMBRA Halloumi**, каде одблиску се запознавме со **современите технологии за производство на млеко и млечни производи**. Компанијата соработува со околу **350 фармери**, произведува приближно **30.000 литри млеко неделно**, а своите производи ги извезува и ги пласира на пазарот, вклучително и во Lidl во Кипар.







Преку овие активности, учениците стекнаа практични знаења за современи **производствени процеси, поврзување на земјоделството со индустријата**, како и негување на традиционалната храна која се пренесува и чува низ генерации како еден заштитен бренд.

Осмиот ден 25.03.2026 беше посветен на тема **Crop Protection and Natural Pesticides**. На почетокот, учесниците имаа задача на стикери да го запишат своето досегашно искуство и што научиле од обуката, што овозможи кратка рекапитулација и размена на мислења.

Во практичниот дел, учениците беа поделени во групи, при што секоја група имаше свој лидер. Дел од учениците работеа на **подготовка на природен пестицид**, додека останатите беа задолжени за изработка на **презентација и маркетинг стратегија** (на хамер) за нивниот производ.

На крајот, секоја група го презентираше својот производ, објаснувајќи **зошто е најдобар, по што се разликува од останатите** и како може да се примени во пракса.

Преку овие активности, учениците ги развија своите **практични вештини, креативност, тимска работа и претприемачки дух**.


Crop Protection
& Natural Pesticides





One spray, a day
keeps the pests



Најдобар пестицид и најдобар маркетинг производ.

Следниот ден го посетивме Институтот за иновации во Лимасол. Тука учениците имаа можност да се запознаат со современи истражувања и иновативни технологии. Во рамките на посетата беше презентиран процес на одгледување алги во отпадни води (во случајов од сточарско потекло), со цел нивно прочистување и повторна употреба.





Учениците дознаа дека алгите имаат способност да ги апсорбираат штетните материи од водата, со што придонесуваат за нејзино прочистување. Дополнително, добиената биомаса од алгите може да се користи за производство на енергија, ѓубрива или други корисни производи. Овој процес претставува пример за одржливо и еколошко решение кое го поврзува земјоделството, заштитата на животната средина и современите технологии.

Следуваше посета на Cyprus University of Technology во Лимасол, каде учениците имаа можност да ги посетат универзитетските лаборатории и да проследат практични демонстрации поврзани со современи научни и технолошки достигнувања. Оваа посета овозможи директен увид во академската работа, истражувањата и примената на теоретските знаења во пракса.



Во рамките на посетата беше реализирана и теренска и студиска настава, проследена со презентација од страна на професорите Alexandros Charalambides и Sonia Andreou, кои се дел од наставниот кадар на универзитетот. Тие споделија значајни информации од нивната област, како и искуства од нивната научно-истражувачка работа.

Професорите се активно вклучени и во организирање на бројни онлајн семинари и обуки, преку кои придонесуваат за ширење на знаењето и меѓународна соработка во областа на образованието и науката. Посетата претставуваше значајно искуство за учениците, овозможувајќи им да се запознаат со современи образовни практики и да стекнат дополнителна мотивација за понатамошно образование.



Предавањето го одржа Директорот на Cyprus University of Technology.

Во последниот ден од обуката, како гости предавачи беа професорите Alexandros Charalambides и Sonia Andreou. Во рамките на нивните излагања беше објаснет процесот на научно-истражувачка работа и развој на кои работат, како и со онлајн семинарите што ги реализираат во областа на дигиталното земјоделие. Во нивните презентации беше представен процесот на работа и развој на проекти преку современ пристап кој вклучува: **хипотеза (Hypothesis), дизајн на експеримент (Experiment Design), метрика (Metric), критериуми за успех (Success Criteria), резултати (Result), научени лекции (Learnings) и следни чекори (Next Steps)**. Овој структуриран пристап овозможува систематско планирање, тестирање и подобрување на решенијата во областа на дигиталното земјоделие и шумарство. Презентациите дадоа јасна слика за тоа како се развиваат современи научни проекти и како се применуваат иновативни методи во пракса.

Овој ден претставуваше завршница на обуката, при што учениците имаа можност да ги сумираат стекнатите знаења и искуства од целиот престој.



Во наредните два дена, ние како ментори на учениците организиравме и испланиравме посета на градовите Никозија и Ларнака, со цел запознавање со нивните културно-историски знаменитости и богатото наследство на Кипар. Во активностите ни се придружи и Konstantinos, кој беше еден од тренерите во претходните денови и даде дополнителна поддршка при организацијата и реализацијата на посетите.



За време на посетата на Никозија, учениците имаа можност да се запознаат со главниот град на Кипар, кој претставува единствен поделен главен град во Европа.

Посетени беа значајни културно-историски објекти, меѓу кои стариот град со неговите венецијански ѕидини, традиционалните улици и културните споменици кои сведочат за богатата историја и различните цивилизации што оставиле свој белег во градот. Оваа посета овозможи учениците да добијат подобра слика за историскиот развој, културната разновидност и современиот живот во Никозија.





Преку оваа обука учениците се здобија со нови искуства и знаења кои ќе ги пренесат и практикуваат во иднина.

Ментори:

Ефремчо Николов
Роза Тефова
Оливера Гркова

ИЗВЕШТАЈ ОД ДИСИМИНАЦИЈАТА
во рамките на проектот Inclusive AgriVET: Обукананаставницизастручнообразование и обуказаодржливо и инклузивнообразование

Наставник/циЈасминка Маркова Спиркоски_
Место Паралија (Катерини) - Грција
Датум 13 – 23. 04. 2026 година_

Краток опис

11 наставници во рамките на Проектот „Обука на наставници за стручно образование и обука за одржливо и инклузивно образование - InclusiveAgriVET“ од програмата Еразмус+, Клучна акција 1: Мобилности заради учење на поединци со регистарски број КА122 ВЕТ 2025-1-МК01-КА122-VET-000329278, од програмата Еразмус+, заминаа на практична обука во Катерини, Грција.
Целта на мобилноста е наставниците од стручното образование и обука да стекнат нови знаења, искуства и практични увиди преку следење на работата на колеги и институции домаќини во странство. Преку job-shadowing активноста, наставниците ќе имаат можност да се запознаат со современи наставни методи, иновативни пристапи во наставата, примена на дигитални алатки и технологии во земјоделството, како и со начини за унапредување на квалитетот на стручното образование и обука.
Мобилноста на наставници во проектот се одржува во средни училишта и компании во Грција.
Домаќин на мобилноста е организацијата EuroEducationservices, Katerini, Greece.
- Мобилноста започна со посета на ветеринарната клиника Κτηνιατρική Κλινική Κατερίνης, Katerini, Greece. Оваа ветеринарна клиника е една од најпознатите и најпосетени во Катерини. Работи со домашни миленици (кучиња, мачки и мали животни) и нуди комплетна ветеринарна грижа – од превенција до дијагностика и хирургија.
- KapnikosStathmosKaterinis е невладина организација од Катерини која функционира како простор без посредници (Facilitywithoutintermediary) – место каде што локалните земјоделци директно ги продаваат своите производи на потрошувачите. Оваа иницијатива е создадена со цел да се поддржи локалната економија, малите производители и одржливото земјоделство, а воедно да им овозможи на граѓаните пристап до свежа, квалитетна и проверена храна по по фер цени.
- Посетата на AmericanCollegeofThessaloniki претставуваше исклучително корисно и инспиративно искуство да се запознаеме со модерниот образовен систем, начинот на работа на колецот и можностите што ги нуди за учениците. Оваа училиште се фокусира на квалитетно образование, развој на критичко размислување и поттикнување на интернационална соработка. Располага со современи училници, лаборатории и технолошки опремени простории кои создаваат одлични услови за учење и истражување.
- При посетата на винарија во Грција во регионот го следевме целиот процес на производство на органско вино – од одгледување на грозје, берба, ферментација, па сè до складирање и флаширање. Посебен акцент во процесот на производство ставен е на одржливото земјоделство и заштитата на животната средина. Посетата придонесе за размена на искуства, унапредување на професионалните компетенции и проширување на знаењата за агротуризмот и винската индустрија, кои можат да се применат во наставната практика
- Посета на тврдината Платамона (грчки: ΚάστροτουΠλαταμώνα), планината Олимп, манастирот Свети Дионисиос во Олимп (грчки: ΜονήΑγίουΔιονυσίουενΟλύμπω).
- Метеора (грчки: Μετέωρα) е регион во Грција, каде се наоѓаат седум манастири.
- Посета на фабрика ENIPEAS за пакување, складирање и чување на киви во близина на Катерини. Фабриката е специјализирана за прием, сортирање, пакување и складирање на

киви – еден од најважните земјоделски производи во регионот Пиерија.
- Επαγγελματικό Λύκειο Κατερίνης е стручно средно училиште во градот Катерини. Овие училишта во Грција се познати како ЕПАЛ и се наменети за ученици што сакаат покрај општото образование да стекнат и практични вештини за работа.
- Посета на компанија раководена од SidiropoulosLazarosNikolaos која работи во областа на земјоделството. За време на посетата наставниците имаа можност да се запознаат со: организацијата на современо земјоделско производство на расад од градинарски култури и садници од киви, маслинки и овошни видови.
- Во рамки на проектот Erasmus+ беше организирана кратка едукативна прошетка во Солун за наставниците учесници. При посетата тие имаа можност да се запознаат со културно-историското наследство на градот, да ги посетат позначајните знаменитости и да разменат искуства во неформална средина.

Проект од програмата Erasmus+ за наставници успешно се реализира во Катерини, Грција. Проектот беше насочен кон стручно усовршување на наставниот кадар, размена на добри практики и унапредување на наставниот процес. Во текот на мобилноста, наставниците посети на образовни институции и компании, каде се запознаа со современи наставни методи, дигитални алатки, иновативни пристапи во наставата и нови технологии. Посебен акцент беше ставен на интерактивното учење, вклучувањето на учениците и примена на европски стандарди во образованието. Проектот овозможи развој на професионалните компетенции, подобрување на педагошките вештини и поттикнување на интеркултурната соработка. Наставниците стекнаа нови знаења и искуства кои ќе ги применуваат во својата секојдневна работа. На крајот од проектот беше организирана свечена церемонија за доделување на сертификати, при што сите учесници добија официјални признанија за успешно завршена мобилност. Овој чин претставуваше симболично заокружување на проектот и потврда за стекнатите знаења и вештини. Стекнатото искуство ќе се дисеминира и ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата и работата во училиштата.










Проект Играј, Создади, Разбери во рамките на Програмата Суперучилишта од RYCO

Првата обука се одржа во Србија, Лесковац 24 - 28 ноември 2025 во Училиштето за хемија и технологија Божидар Ѓорѓевиќ Кукар. На оваа обука присуствуваа 15 ученички и координаторите на проектот - професорот по фармакогнозија Блаже Ѓорчев и професорката по латински јазик Ѓурѓица Косовска.
По одржувањето на првата обука, активностите и резултатите од истата беа презентирани пред 49 ученици и професори од СОЗШУ Ѓорче Петров на 9. Декември 2025 година.
Втората обука за ученици и наставници се одржа во Македонија, Кавадарци од 2 – 7 март 2026 година. На оваа обука присуствуваа 15 ученички од нашето училиште и координаторите на проектот - професорот по фармакогнозија Блаже Ѓорчев и професорката по латински јазик Ѓурѓица Косовска. Гостите од Лесковац беа 15 ученици и 2 професорки.
На 5 март 2026 година беше реализиран Саем во СОЗШУ „Ѓорче Петров“, организиран од фармацевтските техничари под менторство на професор по фармакогнозија Блаже Ѓорчев и професорката по латински јазик Ѓурѓица Косовска, на кој учениците ја претставија својата практична работа, креативност и стручност.
На саемот беа изработени и изложени повеќе од 300 органски сапуни со арома на кокос, портокал, лаванда, чоколадо, мандарина и лимон, како и 100 природни масти од невен и кантарион.Сите производи беа изработени со големо внимание, знаење и љубов кон струката. Преку овој саем покажавме што учиме и како практично го применуваме нашето знаење.
Сапуните и мастите беа направени од природни состојки и се наменети за нега и заштита на кожата. На саемот присуствува околу 300 ученици од деветто одделение од сите основни училишта од град Кавадарци. Секој ученик доби подарок од нашите изработени сапуни и масти, како мал знак на внимание и спомен од овој настан.
Со овој саем не само што ја претставивме нашата струка – фармацевтски техничар, туку ги поттикнуваме идните средношколци да го изберат она што го сакаат и да се насочат кон образование што нуди знаење, креативност и практична работа. Овој настан беше одлична можност учениците да ги покажат своите вештини стекнати преку практичната настава, но и да ја доближат природната козметика до поширокаата заеднива.

ПРИЛОГ 7

Извештај од работата на активите

2025/26

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ПРИРОДНИ НАУКИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Активот го сочинуваат следните членови:

- Професори по математика – Весна Тодорова, Пепица Јованова
- Професор по хемија: Божанка Минова
- Професори по биологија: Наталија Вчкова, Олгица Ѓорѓиева (Анкица Деков)
- Професор по физика: Милка Манчева
- Професор по информатика: Ѓоко Тодоров - претседател
- Професор по техничко цртање со нацртна геометрија: Гордана Стојчева Наумова

Реализација на програмата за работа:

- **Учество на натпревари**

Во оваа учебна година неколку учници учествуваа на општински, регионални и државни натпревари под менторство на наставниците од природно-математичкиот актив:

рб	Натпревар	Категорија	ученици	клас	Наставник-ментор	пласман
1	Образовно рандеву-Богданци	Најдобро кратко видео reel	Мартинова Весна Јосифова Благица Бачева Ива	I-6 I-6 I-6	Ѓоко Тодоров	7-мо место
2	Образовно рандеву-Богданци	Најдобра фотографија	Јованова Благица	I-1	Ѓоко Тодоров	учество
3	Биологија	Општински натпревар	Ива Бачева Борјана Грижева Благица Преметарев Леонардо Спиров Ивана Стефанова Матеа Николовска Клара	I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 I-6	Вчкова Наталија	Пласман за регионален

			Методиева Саша Огњеновиќ Вероника Ивановска Сања Стамаџиева Верица Коцева Зорица Вчкова Радица Кузманова	II-6 II-6 II-6 II-6 II-6		Пласман за регионален
4	Биологија	Регионален натпревар	Ива Бачева Борјана Грижева Благица Преметарев Леонардо Спиров Ивана Стефанова Матеа Николовска Клара Методиева Саша Огњеновиќ Вероника Ивановска Сања Стамаџиева Верица Коцева Зорица Вчкова Радица Кузманова	I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 II-6 II-6 II-6 II-6 II-6	Наталија Вчкова	Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен Пласман за државен
5	Биологија	Државен натпревар	Ива Бачева Борјана Грижева Благица Преметарев Леонардо Спиров Ивана Стефанова Матеа Николовска Саша	I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 I-6 II-6	Наталија Вчкова	III награда III награда Учество Учество Учество пофалница пофалница II награда

			Огњеновиќ Вероника Ивановска Сања Стамаџиева Верица Коцева Зорица Вчкова Радица Кузманова	 II-6 II-6 II-6 II-6		Пофалница II награда III награда Активно учество
6	Црвен крст	Општински натпревар за Прва помош	Ана Илиева Сања Серафимова Петар Мукаетов Никола Петров Благица Јосифовска Мелани Ристова	III-6 III-6 III-6 III-6 I-6 I-5 I	Наталија Вчкова Валентина Мукаетов	1-место
7	Регионален натпревар за Прва помош		Ана Илиева Сања Серафимова Петар Мукаетов Никола Петров Благица Јосифовска Мелани Ристова	III-6 III-6 III-6 I-6 I-5	Наталија Вчкова Валентина Мукаетов	7-место
8	Биологија	Регионален натпревар	Тамара Божинова Димитар Мицев Лазар Димовски	I-5 I-5 I-5	Олгица Ѓорѓиева	Пласман на државен Учество учество
9	Биологија	Државен натпревар	Тамара Божинова	I-5	Олгица Ѓорѓиева	пофалница

- Активности

  Учество на членовите на активот како членови на одбори, комисии, тела:

- Секретар на Училишна Матурска комисија (Ѓоко Тодоров)

- Членови во комисијата за рангирање во склоп на Уписната комисија, како и членови за прием на документи (сите членови на активот)
- Администратор на ЕСАРУЕД (Ѓоко Тодоров)
- Активности во Црвен крст и натпревари по Прва помош (Наталија Вчкова)
- Учество во Еразмус+ проект – Наталија Вчкова

Според планот за работа предвиден за учебната 2025/26 год. реализирани се следните активности:

- Доставување на Годишни планови кај педагогот;
- Одржување на поправни, вонредни, диференцијални и испити на годината
- Додатна настава беше организирана за учениците кои учествуваа на натпревари
- Презентација на училиштето во основните училишта
- Консултативна настава за ученици кои избрале проектни задачи
- Подготовка на базен со прашања и изготвување на тестови за интерни испити од Државната матура и Државна стручна матура
- Посета на фабриката за медицински канабис Sinceritas -Росоман (10.02.2026)
- Посета на фармацевтската компанија „Алкалоид“ – Скопје (03.06.2026)
- Учество на општински, регионални и државни натпревари, Образовно рандеву (Богданци), Прва Помош, Биологија (сите нивоа од општински до Државен)

Презиме и име на наставникот: **Тодоров Ѓоко**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Информатика	72	71	98,61	0	1	6	8	1		2,44
I-2	Информатика	72	71	98,61	0	2	1	1			3,25
I-3	Информатика	72	71	98,61	0	2	3	6			2,64
I-4	Информатика	72	71	98,61	0	4	6	6			2,86
I-5	Информатика	72	71	98,61	20	4	2	0			4,69
I-6	Информатика	72	68	94,44	26	1	0	0			4,96
I-7	Информатика	72	71	98,61	4	1	4	1			3,80
II-1	Информатика	72	72	100	3	5	4	6			3,28
II-2	Информатика	72	71	98,61	0	2	2	0			3,50
II-3	Информатика	72	67	93,06	0	3	0	3			3,00
II-4	Информатика	72	71	98,61	5	5	7	2			3,68
		792	775	97,85	58	30	35	33	1		3,71

Презиме и име на наставникот: **Божанка Минова**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Хемија	72	70	97.22	1	1	5	9	0	0	2.62
I-2	Хемија	72	70	97.22	0	1	0	3	0	0	2.50

I-3	Хемија	72	70	97.22	2	0	3	6	0	0	2.82
I-4	Хемија	72	70	97.22	0	0	10	6	0	0	2.63
I-5	Хемија	72	72	100	17	4	4	1	0	0	4.42
I-6	Хемија	72	72	100	22	3	2	0	0	0	4.74
II-1	Хемија	72	71	98.61	1	3	5	9	0	0	2.78
II-3	Хемија	72	73	101.38	1	0	1	4	0	0	2.67
II-4	Хемија	72	72	100	2	2	6	9	0	0	2.84
II-5	Хемија	72	73	101.38	0	0	1	5	0	0	2.16
II-6	Хемија	72	72	100	19	5	4	2	0	0	4.37
II-6	Аналитичка хемија	144	145	100.69	22	5	4	0	0	0	4.58

Презиме и име на наставникот: **Тодорова Весна**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Математика	72	71	98.61	1	2	2	11			2,56
I-2	Математика	72	71	98.61	1	0	1	2			3,00
I-3	Математика	72	77	106,94	1	2	1	7			2.73
I-4	Математика	72	74	102,77	0	4	2	10			2.63
I-5	Математика	72	71	98.61	15	5	3	3			4.23
I-7	Математика	108	102	94,44	2	2	0	6			3,00
II-5	Математика	72	72	100	0	0	2	4			2,33
III-6	Математика(изб)	72	76	105,56	9	0	0	0			5,00
I-1	Содржини прог.	72	69	95,83	16	0	0	0			5,00

Математика **– Пепица Јованова**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-6	Математка	72	73	101,38	23	1	3	0			4,74
II-1	Математика	72	75	104,17	0	2	5	8			2,60
II-2	Математка	72	71	98.61	0	0	3	1			2,75
II-3	Математика	72	69	95.83	0	1	1	4			2,50
II-4	Математика	72	76	105.56	3	6	4	6			3,32
II-6	Математика	72	72	100	19	3	8	1			4.29
III-5	Математика	66	63	95.45	0	0	4	1			2.80
IV-5	Математика-изборен	66	64	96.97	3	0	0	0			5.00

Физика – Милка Манчева

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
									/	/	
I-1	Физика	72	75	104,2	/	2	3	11	/	/	2,44
I-2	Физика	72	72	100	/	2	2	/	/	/	3,50
I-3	Физика	72	75	104,2	/	2	3	6	/	/	2,64
I-4	Физика	72	77	106,9	/	/	3	13	/	/	2,19
I-5	Физика	72	72	100	11	4	9	2	/	/	3,92
I-6	Физика	72	72	100	16	5	4	2	/	/	4,30
II-2	Физика	72	70	97,2	/	/	4	/	/	/	3,00
II-6	Физика	72	68	94,4	22	7	2	/	/	/	4,65
III-2	Физика	72	74	102,7	2	/	3	1	/	/	3,50
IV2	Физика	66	66	100	1	1	1	3	/	/	3,00
III-6	Содржини програмирани од училиштето	72	69	95,8	35	/	/	/	/	/	5,00
II-6	Содржини програмирани од училиштето	72	70	97,2	31	/	/	/	/	/	5,00

- БИОЛОГИЈА

Презиме и име на наставникот: **Вчкова Наталија**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Биологија	72	74	102,7	2	4	3	7	/	/	3,06
I-3	Биологија	72	73	101	/	2	3	6	/	/	2,64
I-6	Биологија	72	70	97,22	21	4	2	/	/	/	4,70
II-1	Биологија	72	69	95,83	1	4	4	9	/	/	2,83
II-2	Биологија	72	76	105,56	/	1	3	/	/	/	3.25
II-3	Биологија	72	70	97,22	/	1	/	5	/	/	2,33
II-4	Биологија	72	66	91,67	2	5	7	5	/	/	3,21
II-6	Биологија	72	70	97,22	17	6	6	2	/	/	4,23
III-6	Биологија	72	75	104,2	14	4	/	/	/	/	4,78
IV-5	Биологија	66	64	96,97	11	/	/	/	/	/	5.00

Презиме и име на наставникот: **Стојчева Наумова Гордана**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I[1]	Техничко цртање со нацртна геометрија	108	107	99.07	4	3	8	1			3.62
I[2]	Техничко цртање со нацртна геометрија	108	107	99.07	2	1	0	1			4.00
II[2]	Материјали	108	107	99.07	0	0	4	0			3.00
II[2]	Елементи на дрвните конструкции	108	107	99.07	0	2	2	0			3.50
II[2]	Дизајн на мебел	108	107	99,07	0	2	2	0			3,50
III[2]	Проектирање на мебел и ентериер	108	110	101,85	1	1	1	3			3,00
IV[2]	Проектирање на мебел и ентериер	165	164	99,39	2	0	1	2	1		3.00

Биологија
Презиме и име на наставникот: **Анкица Деков**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-2	Биологија	72	71	98,6%	2	0	1	1	0	0	3,37%
I-4	Биологија	72	70	97,2%	2	4	6	4	0	0	3,5%
I-5	Биологија	72	70	97,2%	18	7	1	0	0	0	4,48%

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА СТРУКАТА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Активот на струката Здравство и социјална заштита во текот на учебната 2025/2026 година работеше согласно Годишната програма за работа на училиштето, наставните планови и програми и Програмата за работа на активот. Основна цел на активот беше обезбедување квалитетна реализација на наставниот процес, унапредување на практичната

настава, развивање на стручните компетенции кај учениците и промоција на здравствените професии во локалната заедница.

Работата на активот се одвиваше преку редовни состаноци, континуирана соработка меѓу наставниците, размена на професионални искуства и заедничко планирање на наставните и воннаставните активности. Во текот на годината беа реализирани повеќе активности кои придонесоа за подобрување на воспитно-образовниот процес и за поголема афирмација на струката.

На почетокот на учебната година се одржа конститутивен состанок на кој е формиран активот на струката Здравство и социјална заштита. На состанокот беше избрано раководството на активот, при што за претседател беше избран Блаже Ѓорчев, а за записничар Ивана Андов. Исто така се избраи претставник за Училишен одбор. Со тоа се создадени услови за организирано и координирано функционирање на активот во текот на учебната година.

Посебно внимание беше посветено на подготовките за почетокот на учебната година. Членовите на активот извршија увид во состојбата на кабинетите и училниците, ги разгледаа потребите од наставни средства, нагледни помагала и материјали за практична настава и предложија мерки за подобрување на условите за работа. Беше изготвен список на потребни материјали и опрема за реализација на практичната и теренската настава, со цел учениците да стекнат квалитетни практични знаења и вештини.

Во текот на годината наставниците од активот континуирано соработуваа во планирањето и реализацијата на наставните содржини, усогласувањето на критериумите за оценување, размената на наставни материјали и примената на современи методи и форми на работа. Посебен акцент беше ставен на поврзувањето на теоретските знаења со практичната работа и на развојот на професионалните компетенции кај учениците од здравствената струка.

Значајна активност во работата на активот беше организацијата на Отворениот ден на фармацевтските техничари во март 2026 година. Настанот беше организиран со учество на гости од Република Србија и претставуваше можност за промоција на фармацевтската струка, размена на искуства и воспоставување на професионална соработка. Во рамките на настанот беа реализирани презентации за работата и улогата на фармацевтските техничари, стручни предавања, практични демонстрации и презентација на галенски препарати. Учениците имаа можност да се запознаат со современите трендови во фармацевтската практика, како и да разменат искуства со гостите.

Особено значајна беше соработката со надворешни институции и локалната заедница. Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на здравјето, активот активно учествуваше во организација и реализација на јавен здравствен настан во соработка со Општина Кавадарци и други релевантни институции. Настанот опфати превентивни здравствени прегледи, мерење на крвен притисок, шеќер во крвта и БМИ, едукативни активности за здрав начин на живот и промоција на здравите животни навики. Во реализацијата активно

беа вклучени наставниците и учениците од здравствената струка, со што тие имаа можност практично да ги применат стекнатите знаења и вештини.

Покрај овие активности, членовите на активот учествуваа во подготовка и реализација на различни училишни активности, манифестации и проекти, при што дадоа значаен придонес во афирмацијата на училиштето и стручното образование. Наставниците континуирано работеа на стручно усовршување, следење на новините во струката и подобрување на наставната практика.

Може да се констатира дека во текот на учебната 2025/2026 година активот успешно ги реализираше планираните активности и задачи. Со својата работа членовите на активот придонесоа за подобрување на квалитетот на наставата, зајакнување на практичната компонента во образовниот процес и развивање на професионалните компетенции на учениците.

Постигнати резултати

Во текот на учебната 2025/2026 година преку реализираните активности беа постигнати следните резултати:

- Подобрена координација и соработка меѓу наставниците од струката Здравство и социјална заштита.
- Обезбедени подобри услови за реализација на практичната настава преку планирање и навремено обезбедување на потребните материјали и наставни средства.
- Зголемена вклученост на учениците во практични и промотивни активности.
- Унапредување на стручните и практичните компетенции на учениците преку учество во настани, демонстрации и јавни презентации.
- Зајакната соработка со локалната заедница и други институции од областа на здравството.
- Успешна промоција на здравствените струки и подигнување на свеста за значењето на здравите животни навики.

Заклучок

Активот на струката Здравство и социјална заштита во текот на учебната 2025/2026 година покажа високо ниво на професионалност, одговорност и тимска соработка. Реализираните активности овозможија успешно остварување на поставените цели, подобрување на условите за настава и практична работа, како и поголема промоција на здравствените професии во локалната заедница.

Во наредниот период активот ќе продолжи со унапредување на квалитетот на наставниот процес, воведување на современи пристапи во наставата, зајакнување на соработката со здравствените институции и создавање нови можности за стручен развој на учениците и

наставниците. Преку вакви активности ќе се овозможи понатамошно јакнење на угледот на струката Здравство и социјална заштита и афирмација на училиштето како современа образовна институција.

Насоки за понатамошна работа

Во наредната учебна година Активот на струката Здравство и социјална заштита ќе продолжи со активности насочени кон унапредување на квалитетот на наставата и зголемување на мотивацијата кај учениците. Посебно внимание ќе се посвети на:

- подобрување на практичната настава преку примена на современи наставни методи и средства;
- поголемо вклучување на учениците во практични демонстрации, работилници, проекти и истражувачки активности;
- организирање на стручни предавања и средби со здравствени работници и претставници од здравствени установи;
- поттикнување на учеството на учениците на натпревари, обуки, кампањи и јавни настани од областа на здравството;
- развивање на професионални компетенции, одговорност и самостојност кај учениците;
- јакнење на соработката со здравствени институции, локалната самоуправа и други образовни установи;
- зголемување на мотивацијата за учење преку примена на интерактивни методи на работа и промовирање на успешни ученички достигнувања.

Активот продолжува да работи на создавање позитивна и мотивирачка средина за учење, со цел учениците да стекнат квалитетни стручни знаења, практични вештини и компетенции потребни за нивниот понатамошен образовен и професионален развој.

Претседател на актив
Блаже Ѓорчев

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ АКТИВ

УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА

Средно училиште: СОЗШУ „Ѓорче Петров“
Координатор на Земјоделскиот актив: М. Мајсторова
Датум: 15.06.2026 година

1. ВОВЕД

Земјоделскиот актив во текот на учебната 2025/2026 година ја реализираше својата работа согласно Годишната програма на училиштето, наставните планови и програми и потребите на образовниот процес. Во составот на активот членуваа наставници од стручните земјоделски предмети, кои континуирано работеа на подобрување на наставата, развивање на практичните компетенции кај учениците и следење на современите достигнувања во земјоделското производство.

2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во текот на учебната година Земјоделскиот актив одржуваше редовни состаноци, на кои беа разгледувани и реализирани следните активности:

- Изработка и усогласување на годишните и тематските планирања по стручните предмети.
- Следење на реализацијата на наставните содржини и нивната усогласеност со наставните програми.
- Размена на искуства и добри практики меѓу наставниците.
- Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците.
- Подготовка и реализација на практична настава во училишната економија, пластеникот, оранжеријата и училишните лаборатории.
- Организација на демонстративни часови и стручни предавања.
- Посета на земјоделски стопанства, агробизнис-компании и земјоделски саеми.
- Вклучување на учениците во сезонски земјоделски активности, како што се: сеидба, расадување, заштита на растенијата и берба.
- Учество во проекти поврзани со одржливо земјоделство, органско производство и заштита на животната средина.
- Подготовка на ученици за натпревари и јавни презентации.

3. РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

Особено внимание беше посветено на стекнувањето практични вештини кај учениците преку:

- Практична работа во училишната економија.
- Изведување агротехнички мерки во растителното производство.

- Следење на развојот на земјоделските култури.
- Запознавање со современа земјоделска механизација.
- Работа во лабораториски услови и анализа на почва и растителен материјал.
- Развивање претприемнички вештини и основи на агробизнисот.

Учениците активно учествуваа во сите предвидени активности и покажаа интерес за практичната примена на стекнатите знаења.

4. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И ИНСТИТУЦИИ

Во текот на учебната година беше остварена успешна соработка со:

- Локални земјоделски производители.
- Земјоделски компании и откупни центри.
- Советодавни служби од областа на земјоделството.
- Ветеринарни станици и земјоделски аптеки.
- Локалната самоуправа и други институции поврзани со развојот на земјоделството.

Оваа соработка им овозможи на учениците непосредно да се запознаат со реалните услови во земјоделското производство.

5. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Врз основа на реализираните активности може да се констатира дека:

- Наставните програми се реализирани успешно и во предвидениот обем.
- Учениците стекнаа практични и теоретски знаења согласно образовните стандарди.
- Зголемен е интересот за примена на современите технологии во земјоделството.
- Подобрени се резултатите во практичната настава.
- Успешно се реализирани планираните екскурзии, посети и проекти.

6. ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Во текот на работата беа забележани следните предизвици:

- Недоволна современа механизација за практична обука.
- Ограничени финансиски средства за набавка на потрошен материјал.
- Потреба од дополнителна опрема за лабораториска работа.
- Потреба од почести стручни обуки за наставниот кадар.
-

7. НАСОКИ ЗА НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА

За понатамошно унапредување на работата на Земјоделскиот актив се предлага:

- Модернизација на условите за практична настава.

- Зголемување на бројот на теренски посети и практични обуки.
- Продлабочување на соработката со земјоделски компании и институции.
- Вклучување во нови национални и меѓународни проекти.
- Поттикнување на учениците за учество на натпревари и истражувачки активности.

8. ЗАКЛУЧОК

Земјоделскиот актив успешно ги реализираше предвидените задачи и активности во текот на учебната 2025/2026 година. Преку квалитетна организација на наставата, практичната работа и соработката со релевантни институции, беше овозможено учениците да стекнат знаења и компетенции потребни за нивниот понатамошен образовен и професионален развој во областа на земјоделството.

Координатор на Земјоделскиот актив
Менча Мајсторова

Членови на активот:
Бошко Настов, Ефремчо Николов, Коце Попов, Горан Керов, Глигор Бојков, Лепа Ѓелова, Оливера Гркова и Јасмина Маркова Спиркоски.

Директор

Ратка Росомански.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Раководител на активот: Валентина Таскова

Членови на активот:

- Даниел Петков
- Крсте Стамаџиев

Во текот на учебната 2025/2026 година, Активот на општествено-хуманистичкото подрачје ги реализираше следните активности:

- Изработка на Програмата за работа на активот за учебната 2025/2026 година.
- Реализација на активности по повод 7 и 8 Септември – Денот на ослободувањето на Кавадарци и Денот на независноста на Република Северна Македонија, со читање реферат.
- Одбележување на 23 Октомври – Денот на Македонската револуционерна борба, со читање реферат.
- Реализација на предавање на тема: „Демографската структура на населението во Општина Кавадарци и зачувувањето и значењето на мирот“.
- Во текот на месец ноември беа организирани работилници на тема: „Девијантни појави – како да се надминат алкохолизмот, проституцијата и наркоманијата“.
- Одбележување на 8 Декември – Свети Климент Охридски, со читање реферат.
- Разгледување на успехот на учениците во текот на учебната 2025/2026 година.
- Реализација на работилница на тема: „Партнерскиот однос меѓу родители, деца и ученици – наставници“.
- Подготовка на ученици и нивно учество во одбележувањето на патрониот празник на училиштето.
- Одбележување на Меѓународниот ден на жената – 8 Март, со читање реферат.
- Во текот на месец март беа организирани активности по повод Денот на екологијата, како и работна акција за чистење на училиштето и училишниот двор.
- Одбележување на патрониот празник на училиштето.
- Организирање работилници на тема: „Како да се заштитиме од елементарни непогоди“ преку видеопрезентација.
- Реализација на предавање на тема: „9 Мај – Денот на победата над фашизмот“, со читање реферат.
- Одбележување на 24 Мај – Денот на светите браќа Кирил и Методиј, со читање реферат.
- На крајот на учебната година беше извршено разгледување на успехот и дисциплината на учениците во учебната 2025/2026 година.

ЗАКЛУЧОК

Активот на општествено-хуманистичкото подрачје во текот на учебната 2025/2026 година успешно ги реализираше планираните активности. Преку организирање на предавања,

работилници, реферати, еколошки акции и активности по повод значајни датуми и празници, учениците беа поттикнувани активно да учествуваат во воспитно-образовниот процес, да развиваат општествена одговорност и да стекнуваат знаења и вредности од областа на општествено-хуманистичките науки.

Раководител на активот:
Валентина Таскова

Директор:
Ратка Росомански

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

- Членови на активот:

1. Горан Попов
2. Горан Велковски
3. Дарко Цеков
4. Марјан Ѓуров
5. Александра Ристовска

- Целта и задачите на активот по Спорт и спортски активности се:
- Зголемување на интересот кај учениците за бавење со спорт
- Да се развие општата психомоторика на локомоторниот апарат
- Стекнување на навика за спортски начин на живеење
- Да се развие натпреварувачки дух
- Постигнување на повисоки спортски резултати
- Пренесување на лично искуство на помладите генерации

Во текот на учебната 2025/26год. нашето училиште настапи на општински натпревари во следниве дисциплини: (кошарка-машкии женски, футсал-машки и женски, ракомет-машки, фудбал – машки, баскет 3*3 машки и женски, одбојка - женски).

Во текот на учебната 2025/26год. нашето училиште настапи на државното првенство во кошарка 3*3 машки и женски и во двете дисциплини заврши како првопласиран.

Организирано е класно првенство во мал фудбал (машки),во кое учество зедоа сите класеви по години.

На организираните пролетен и есенски ден одржани се спортски натпревари во следниве дисциплини : фрлање на ѓуле,влечење на јаже, скок од место и др.
На патрониот празник,стручниот актив по спорт и спортски активности организира турнир во мал фудбал помеѓу прва,втора,трета и четврта година од нашето училиште.

Од страна на активот по Спорт и спортски активности беа организирани и планинарски тури до детското одморалиште Михајлово и месноста Мал Љубаш.
Нашето училиште во учебната 2025/2026год со свои ученици учествуваше на велосипедската парада низ Кавадарци организирана од сојузот на спортови на град Кавадарци .

Во текот на зимските месеци (Јануари и Февруари) учениците од нашето училиште поделени по класови и во присуство на своите наставници по Спорт и спортски активности го посетија ски центарот Михајлово во близина на Кавадарци каде се реализираа зимски активности.

Во изминатата 2025/26год Стручниот актив по спорт и спортски активности е задоволен од учеството и постигнатите резултати на учениците од СОЗШУ Ѓорче Петров - Кавадарци.

Со подобрување на севкупните услови за работа,стручниот актив по спорт и спортски активностисе стреми за уште поголема активност и позавидни резултати.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО УМЕТНОСТ во учебната 2025/26 година

Активотгосочинуваатследнитечленови:

- Професор по Ликовна уметност: Митко Дамјановски
- Професор по Музичка култура Златко Смилески

Реализацијанапрограматазаработа:

1. **Учество на натпревари**

Во оваа учебна година неколку ученици учествуваа на одредени манифестации и приредби одржани во училиштето по повод Новогодишна приредба на ученици, Младо вино, Патронен празник на училиштето, прослава за Св.Трифун.

Учествaа и на Образовно рандеву МАССУМ во Богданци, 23 април, 2026г во неколку категории. Учествуваа следните ученици:

Ана Којнарска II-1 во категоријата Најдобра карикатура, ментор Митко Дамјаноски освоено прво место;

Боркица Трајковски II-6 во категоријата Најдобра карикатура, ментор Митко Дамјаноски, учество;

Сања Серафимова III-6 во категоријата Талент шоу - најдобар изведувач, ментор Златко Смилевски, учество.

2. Активности

Според планот за работа предвиден за учебната 2025/26 год. реализирани се следните активности:

- Доставување на Годишни планови кај педагогот;
- Одржување на поправни, вонредни, диференцијални и испити на годината
- Додатна настава беше организирана за учениците кои учествуваа на натпревари
- Учество на натпревари Образовно рандеву (Богданци), манифестации и приредби во училиштето.

Презиме и име на наставникот: **Златко Смилевски**

Презиме и име на наставникот: **Митко Дамјаноски**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Ликовнауметност	36	33	91.66	16	/	/	/	/	/	5.00
I-2	Ликовнауметност	36	33	91.66	4	/	/	/	/	/	5.00
I-3	Ликовнауметност	36	33	91.66	11	/	/	/	/	/	5.00
I-4	Ликовнауметност	36	33	91.66	16	/	/	/	/	/	5.00
I-5	Ликовнауметност	36	33	91.66	26	/	/	/	/	/	5.00
I-6	Ликовнауметност	36	33	91.66	27	/	/	/	/	/	5.00
		216	198	91.66	100	/	/	/	/	/	5.00

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Музичка култура	36	36	100	6	5	4	1	/	/	3.88
I-2	Музичка култура	36	36	100	2	2	0	0	/	/	4.50
I-3	Музичка култура	36	36	100	2	1	8	0	/	/	3.45
I-4	Музичка култура	36	36	100	10	4	2	0	/	/	4.38
I-5	Музичка култура	36	36	100	25	1	0	0	/	/	4,96
I-6	Музичка култура	36	36	100	27	/	/	/	/	/	5,00

Извештај за работењето на активот

ОД ШУМАРСКО ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА СТРУКА

ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ШУМАРСКО-ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКАТА СТРУКА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Активот го сочинуваат професори од шумарско-дрвопреработувачката струка:

1. Ратка Росомански – директор на СОЗШУ „Ѓорче Петров“.
2. Роза Тефова – дипломиран шумарски инженер.
3. Стефан Ацев – дипломиран шумарски инженер, насока: дрвна индустрија.
4. Горан Зимоски – дипломиран шумарски инженер, насока: дрвна индустрија – претседател на активот.
5. Деан Илков – дипломиран шумарски инженер, насока: дрвна индустрија.
6. Радица Бинова – професор по предмети од областа на пејзажниот дизајн.
7. Александра Петрова – професор по предмети од областа на пејзажниот дизајн.

8. Горан Сакалиев – дипломиран шумарски инженер.
9. Тодорка Коцева – дипломиран шумарски инженер.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Согласно предвидениот План за работа за учебната 2025/2026 година, реализирани се следните активности:

- Доставување на годишните планови до педагогот.
- Изработка на план за изведување и реализација на практична и теренска настава.
- Консултации со советници од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) при Министерството за образование и наука.
- Консултации со професори од Факултетот за шумарство и дрвна индустрија.
- Консултации и соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство.
- Изведување дополнителна и додатна настава со учениците.
- Одржување поправни и диференцијални испити по предмети од струката.
- Изработка и реализација на проект за пошумување на голини.
- Одржување консултации со кандидатите за IV степен – матуранти.

СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ

- Со професорите од Шумарскиот факултет – ХАНС ЕМ – Скопје се остварува редовна соработка и консултации при планирањето на наставните програми, во кои се внесуваат новини од струката, како и редовни активности поврзани со нашиот расадник.
- Остварена е соработка и консултации со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со струката и уредувањето на наставно-научните шуми.
- Остварена е соработка со педагошката служба во врска со начинот на изготвување на наставните програми и учебниците.
- Остварена е соработка со Бирото за развој на образованието (БРО) во врска со образованието и изготвувањето планови и програми за трет степен и национален план за петти степен.
- Остварена е соработка со Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) во врска со плановите и програмите за стручно образование, како и со содржините програмирани од училиштето.
- Остварена е соработка со Локалната самоуправа на Општина Кавадарци за пошумување на голини на територијата на Општина Кавадарци.
- Остварена е соработка со ЈП „Комуналец“ – Кавадарци за производство на растителен материјал.
- Остварена е соработка со училишта од земјата и странство преку учество на натпревари и активности поврзани со изработка и реализација на проекти од областа на струката.

- Остварена е соработка со Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, преку реализација на регионален состанок во нашето училиште со претставници од претпријатија од областа на дрвната индустрија.

НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА

Учениците од секторот шумарство и обработка на дрвото реализираа еднодневна научна екскурзија во Скопје. Во рамките на екскурзијата беше посетен Шумарскиот факултет, каде што учениците се запознаа со кабинетот за ловство, збирката на хербариуми и останатите кабинети.

Исто така, беше посетен и Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, каде што учениците ја посетија лабораторијата за испитување на мебел и активно учествуваа во нејзината работа.

НАТПРЕВАРИ

- Учество на Образовното рандеву – МАССУМ, со штанд под менторство на Радица Бинова. Нашите ученици освоија **прва награда за најдобар штанд**.
- Учество на меѓународниот натпревар „Млад дрвосечач“, кој се одржа во градот Тетевен, Република Бугарија. Ментор: Горан Зимоски. Ученикот Оливер Миртов, III-1 одделение, освои **второ место во дисциплината „Брзо менување на ланец“** и **трета награда во дисциплината „Прецизен рез“**.
- Учество на Националниот натпревар на вештини на тема „Зајакнување на младите, градење вештини, креирање иднина“, кој се одржа во Скопје. Ментор: Деан Илков. Натпреварувач: Петар Мојсов. Освоено **III место**.
- Учество на Општинскиот натпревар од областа на противпожарната заштита. Ментор: Роза Тефова. Ученици: Александар Тасевски, Максим Ѓорѓиевски и Димитар Пармачки. Освоено **второ место**.

ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Во рамките на теренската настава во Наставно-научната шума „Михајлово“, учениците од трета и четврта година реализираа практични активности поврзани со маркирање и класирање на дрвна маса.

ЗАКЛУЧОК

Активот на шумарско-дрвопреработувачката струка во текот на учебната 2025/2026 година успешно ги реализираше планираните активности. Преку реализација на практична и теренска настава, соработка со релевантни институции, учество на натпревари, научни екскурзии и реализација на проекти, учениците имаа можност да ги унапредат своите стручни и практични знаења и вештини.

Посебен успех беше постигнат преку учеството на учениците на национални и меѓународни натпревари, каде што беа освоени значајни награди и признанија.

Реализираните активности придонесоа за унапредување на квалитетот на стручната настава и за стекнување практични компетенции значајни за понатамошниот образовен и професионален развој на учениците

Претседател на активот:
Горан Зимоски

Директор:
Ратка Росомански

Презиме и име на наставникот: **Коцева Тодорка**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
II-1	Геодезија	72	74	102,77	4	1	2	1	/	/	4,00
II-1	Шумско расадничарство	108	112	103,70	3	3	2	/	/	/	4,1
III-1	Урбано шумарство	72	72	100	1	4	2	/	/	/	3,85
IV-1	Расадничарство	99	97	97,98	5	/	/	/	/	/	5,00
III-1	Учење преку работа кај работодавач	288	264	91,66	5	/	/	/	/	/	5,00
IV-1	Дендрометрија	99	90	90,9	5	/	/	/	/	/	5,00
IV-1	Историја на парковска уметност	66	64	98,48	5	/	/	/	/	/	5,00
IV-1	Животна срединаа и одржлив развој	66	67	101,5	5	/	/	/	/	/	5,00
II -1	Содржинипрограмираниодучилиштето	72	68	94,45	5	/	/	/	/	/	5,00

Презиме и име на наставникот: **Тефова Роза**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
II-1	Екоклиматологија	72	71	91,61	4	1	3	/	/		4,13
II-1	Дендрологија (тех. за пејзажен	144	144	100	2	2	5	1	/		3,5

	дизајн)										
II-1	Дендрологија (шумарски техничар)	108	105	97.22	4	/	4	/	/		4,0
II-1	Учење преку работа кај работодавач	144	140	97.22	8	/	/	/	/		5,0
III-1	Одгледување на шуми	108	106	98,15	5	/	2	/	/		4.43
III-1	Дендрометрија	108	106	98,15	1	3	2	/	/		4.43
IV-1	Уредување на шуми	99	90	90.90	1	3	2	/	/		3,83
IV-1	Заштита на шуми	99	90	90.90	8	/	2	/	/		3,83

Презиме и име на наставникот: **Горан Сакалиев**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
IV1	Користење на шумите	99	98	98,99	5		1				4,67
IV1	Учење преку работа кај работодавач	330	342	103,64	5	1					4,83
IV1	Ерозија на земјиштето	72	68	94,44	5		1				4,67
III1	Шумско расадничарство	144	138	95,83	6			1			4,57
III1	Ловство	108	110	101,85	6		1				4,71
III1	Учење преку работа кај работодавач	288	264	91,67	7						5,00

Презиме и име на наставникот: **Ацев Стефан**

		часови			Успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	Неоц	просек
I-1	Машини и алати	72	71	98,61	11	4	1	/	/	/	4,625
I-2	Машини и алати	72	78	100	3	1	/	/	/	/	4,75

I-2	Анатомија со тех. својства на дрво	108	108	100	3	1	/	/	/	/	4,75
II-2	Машини и алати за мебел и ентериер	108	113	100	2	2	/	/	/	/	4,5
III-2	Учење преку работа кај работодавач	288	264	91,7	3	/	2	1	/	/	3,83
III-2	Конструкции на мебел и ентериер	108	96	88,9	3	/	2	1	/	/	3,83
III-2	Машини и алати за мебел и ентериер	144	151	100	3	/	2	1	/	/	3,83
IV- 1	Економика и организација	66	67	100	5	/	/	/	/	/	5,0

Презиме и име на наставникот: **Илков Деан**

		часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
II2	Технологија на изработка на мебел и ентериер	144	143	99,30	/	1	3	/	/	/	3,25
II2	Учење преку работа кај работодавач	144	140	103,47	/	2	2	/	/	/	3,5
III2	Технологија на изработка на мебел и ентериер	144	150	104,16	3	/	/	3	/	/	3,5
IV2	Техничка подготовка на производството	165	164	99,39	2	/	1	3	/	/	3,16
IV2	Учење преку работа кај работодавач	330	336	101,8	2	4	/	3	/	/	3,33
IV2	Економика и организација	66	60	90,90	/	2	1	3	/	/	2,83

Презиме и име на наставникот: **Бинова Радица**

		часови			успех						
Клас	предмет	предв	реализир	процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
II[1]	Подигање и нега на зелени површини	108	108	100	2	4	4	/	/	/	3,80
II[1]	Учење преку работа кај работодавач	144	152	105,56	18	/	/	/	/	/	5,00
III[1]	Расадничарство	108	105	97,22	3	3	1	1	/	/	4,00
III[1]	Цвеќарство	108	113	104,63	5	2	1	/	/	/	4,50
III[1]	Подигање и нега на зелени површини	144	144	100	6	1	1	/	/	/	4,63
III[1]	Педологија со петрографија	108	113	104,63	7	4	2	2	/	/	4,07
III[1]	Лековити и зачински растенија	72	71	98,61	6	/	2	/	/	/	4,50
IV[1]	Биодекорација	99	90	90,91	2	2	/	1	/	/	4,20

Презиме и име на наставникот: **Сокаровска Фиданка**

		Часови			успех						
клас	предмет	предв	реализир	Процент	5	4	3	2	1	неоц	просек
I-1	Современи технологии на економскиот пазар на труд	72	65	90,28%	4	12	/	/	/	/	4,25
I-2	Современи технологии на економскиот	72	70	97,22%	2	2		/	/	/	4,50
II- 1	Анатомија на дрво	108	99	91,67%	4	6	8	/	/	/	3,78
II- 1	Екоклиматологија	108	108	100,00%	2	6	2	/	/	/	4,00
III-1	Урбана дендрологија	108	101	93,52%	5	3	/	/	/	/	4,63
IV-1	Учење преку работа	330	333	100,91%	4	/	1	/	/	/	4,6
IV-1	Заштита на растенија	99	91	91,91%	3	2	/	/	/	/	4,6
IV-1	Проектирање на зелени површини	99	96	96,97%	3	2	/	/	/	/	4,6

СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци

Јазичен актив

ИЗВЕШТАЈ

за работата на Јазичниот актив
за учебната 2025/2026 година

Јазичниот актив при СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци во текот на учебната 2025/2026 година ја реализираше својата програма со цел развивање на културните и уметничките вредности кај учениците, поттикнување на нивната самодоверба и афирмација на училиштето во поширокатa јавност.

ЧЛЕНОВИ НА АКТИВОТ

- Владко Тасев – претседател
- Загорка Ризова
- Андриана Николова
- Бранкица Рамова
- Наталија Касапинова
- Маргарита Делова
- Сања Ацева
- Коле Станоев

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Развивање на чувство на ангажираност кај учениците во слободните активности.
- Зголемување на самодовербата и откривање на скриени таленти.
- Прикажување на културните и уметничките квалитети на учениците пред јавноста.
- Учество на културни манифестации и одбележување на значајни датуми.

СОДРЖИНА НА РАБОТА

Ред.бр	Подрачја	Содржина на работа	Активности	Време на реализација	Реализатори – носители и соработници

Ред.бр	Подрачја	Содржина на работа	Активности	Време на реализација	Реализатори – носители и соработници
1	Новинарски клуб	Објавување на настани, изработка на ѕиден весник	Лични творби, фотографии, цртежи	01.09.2025 – 10.06.2026	В.Тасев, З.Ризова, К.Станоев,
2	Новинарски клуб	Брошура и весник за училиштето	Примена на ИКТ, текстови, слики	01.10.2025 – 01.05.2026	Б.Рамова, З.Ризова, К.Станоев
3	Драмско-рецитаторска секција	Свечен почеток на учебната година	Презентација, пригодни текстови, ЛЦД проекција	01.09.2025	Н.Касапинова, Б.Рамова М.Делова
4	Драмско-рецитаторска секција	Учество на „Гроздобер“	Алегориски поставки за лозарството	08.09.2025	В.Тасев
5	Драмско-рецитаторска секција	Патронен празник на училиштето	Драматизација, рецитал, балет	01.10.2025 – 01.03.2026	Н.Касапинова, З.Ризова,В.Тасев
6	Драмско-рецитаторска секција	Модна ревија	Модели, дизајн, фризури, стил	01.09.2025 – 15.05.2026	В.Тасев, М/Делова К.Станоев
7	Драмско-рецитаторска секција	Прослава на св.Трифун	Приказ на традиционални обичаи	14.02.2026	А. Николова, К.Станоев
8	Драмско-рецитаторска секција	Св.Кирил и Методиј – Ден на просветни работници	рецитал, глума	24.05.2026	С.Ацева, К.Станоев, З.Ризова,
9	Драмско-рецитаторска секција + Новинарски клуб	Матурска вечер	Поздравен говор, лотарија, натпревар во танцување, читање од алманах	01.05.2026 – 20.05.2026	М.Делова, К.Станоев,

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

(Светски денови, државни празници, културни манифестации – реализирани според годишниот календар, со учество на наставници, ученици и локални институции).

Јазичниот актив при СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци успешно ја реализираше својата програма за учебната 2025/2026 година. Со голема ангажираност на членовите и учениците, беа прикажани културни и уметнички вредности кои придонесоа за афирмација на училиштето во локалната заедница и пошироко.

Претседател на активот:
Владко Тасев

ПРИЛОГ 8

Извештај за работата
на Тимот за инклузија
2025/26

ИЗВЕШТАЈ НА УЧИЛИШТЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

Училиште: СОЗШУ„Ѓорче Петров“ – Кавадарци

Извештаен период: учебна 2025 – 2026 година

Членови на тимот:

- Ратка Росомански - директор
- Антонија Делева Рамова – дефектолог/ координатор
- Тања Камчева - педагог
- Валентина Мукаетов – психолог
- Менча Мајсторова - наставник
- Божана Гокчева - родител
- Дојчинова Борјана – родител
- Наталија Касапинова – кариерен советник
- Марина Петрова (претставник од деловна заедница).

1. Цел на извештајот

Овој извештај ги опфаќа активностите, постигнувањата и предизвиците на училишниот инклузивен тим во текот на учебна 2025-2026 година, со цел следење на спроведувањето на инклузивните практики и обезбедување на поддршка за учениците со посебни образовни потреби .
Активностите реализирани од страна на УИТ во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци во текот на учебната 2025/2026 година се во согласност со Програмата за инклузија на ученици со ПОП на ниво на училилиште.

Програмата е насочена кон остварување на следните приоритетни цели:

- **Рана идентификација и откривање на ученици со ПОП** – навремено препознавање на учениците со потешкотии во учењето, развојот и функционирањето преку систематско следење, опсервација, соработка со наставниците и родителите, како и упатување за понатамошна проценка и обезбедување соодветна образовна поддршка.
- **Обезбедување образовна индивидуализирана поддршка –** развивање и примена на индивидуализирани образовни планови, прилагодување на наставни содржини, методи и материјали;
- **Подобрување на стручната подготвеност на наставниот кадар** – континуирани обуки за инклузивни методи и пристапи, споделување на добри практики, внатрешни работилници;
- **Развој на инклузивна училишна култура** – поттикнување толеранција, прифаќање и соработка меѓу учениците, организација на настани и активности за промоција на инклузија;

- **Подобрување на условите за спроведување на успешна инклузивна практика** - физичка пристапност**,** просторни услови, материјално- технички и дидактички ресурси во склад со потребите на учениците со ПОП;
- **Соработка со родителите и заедницата** – активна вклученост на родителите во процесот на поддршка, партнерство со локалната самоуправа, невладин сектор и други институции.

2. Активности

- Во текот на месец август УИТ подготви **годишна програма за инклузија на ученици со посебни образовни потреби за учебната 2025/2026 година.**
- Во текот на учебна година се одржаа **четири формални состаноци**:

првиот состанок на УИТ се одржа на почетокот на учебната година (18.09.2025 год.) со следниот дневен ред:

1. Бројна состојба на ученици со ПОП во учебната 2025/2026 година, видови на попреченост и потешкотии кај евидентираните ученици.
2. Определување на видот на поддршка што треба да се обезбеди за евидентираните ученици со ПОП, согласно препораките од стручното тело за проценка и нивните потреби и способности;
3. Планирање и организирање на ВОР со ученици со аутизам и комбинирана попреченост;
4. Активности за подобрување на условите во училиштето за успешна инклузија на учениците со ПОП, во следните аспекти:

4.1 Подобрување на материјално -технички и просторни услови,

4.2 Процена на опременоста на училиштето со соодветни нагледни средства во насока на обезбедување на нагледни средства и дидактички материјали согласно потребите на учениците со ПОП ;

4.3 Обуки за наставниот кадар за инклузивни практики;

4.4 Развивање на култура на прифаќање и поддршка на учениците;

вториот состанок на УИТ се одржа по завршување на првото полугодие (12.01. .2026), **третиот сосотанок на УИТ** по завршување на трето тримесечие (14.04.2026 **),** со следниот дневен ред:

1. Увид во постигнувањата (успех, редовност и поведение) на учениците со посебни образовни потреби на крајот од првото полугодие и насоки за нивно подобрување доколку се утврди потреба;
2. Препораки за подобрување на инклузивноста на учениците со ПОП на ниво на училиште во делот на наставниот процес.

Четвртиот состанок на УИТ се одржа на крајот на наставната година (11.06.2025) со следниот дневен ред:

1. Увид во постигнувањата (успех, редовност и поведение) на учениците со посебни образовни потреби на крајот од првото полугодие и насоки за нивно подобрување доколку се утврди потреба;
2. Евалуација на инклузивната политика и практика на ниво на училиште и препораки за подобрување.

- **Бројна состојба и структура на ученици со ПОП**. Во текот на месец септември согласно Процедурата за откривање на учениците со ПОП се реализираа низа активности: *соработка со стручни соработници/дефектолози од основните училишта, разговори на стручниот соработник/дефектолог со родители, со наставен кадар, со ученици, опсервација и проценка на пријавените ученици од страна на стручен соработник/дефектолог со цел навремено* идентификување на учениците со ПОП, на нивните тешкотии/потреби и навремено организирање на соодветна поддршка.

- Врз основа на овие активности, **бројната состојба на ученици со ПОП во СОЗШУ„Ѓорче Петров“ - Кавадарци** на почетокот на учебната 2025/26 година изнесуваше **9** ученици, во текот на годината е придојден уште еден ученик, со што **вкупниот број на ученици со ПОП изнесува 10 ученици**. Учениците се евидентирани во регистарот на ученици со посебни образовни потреби што се води во училиштето, според категоријата на која припаѓаат и видот на обезбедената поддршка. Бројната состојба на учениците со ПОП во училиштето по сектор, квалификација и година на образование е претставена во табела 1.

сектор	квалификација	**Година на образование**								вкупно
		прва		втора		трета		четврта		
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	
Шумарство и обработка на дрво	Тех. за пејсажен дизајн/шумарски и тех.	/	1	/		/	/	/	1	2
	Тех. за мебел и ент.	/	/	2		1	/	/	/	3
Земјоделство, рибарство и ветеринарство	Градинар /цвеќар	/	/	/		1	/	/	/	1
	Техничар за фитомедицина	1	/	1		/	/	/	/	1
	Агротехничар	/	/			1	/	/	1	3
вкупно		**2**		**3**		**3**		**2**		**10**

табела1: Бројна состојба на ученици со ПОП според вид и година на образование

Година на образование	**пол**		**вкупно**
	м	ж	
прва	1	1	2
втора	3	/	3
трета	3	/	3

четврта	/	2	2
вкупно	**7**	**3**	**10**

Табела 2: структура на ученици со ПОП според пол

Од аспект на полова структура, од вкупно 10 евидентирани ученици со ПОП, 7 се од машки, а 3 од женски пол. Учениците со ПОП сочинуваат 3% од вкупниот број на ученици (347) во училиштето. Сите евидентирани ученици се од македонска етничка припадност.

- Од вкупно 10 евидентирани ученици, 6 поседуваат медицинска документација - Мислење од стручно тело за проценка на функционалност според МКФ. Идентификацијата на останатите 4 ученици е извршена од страна на стручната служба во училиштето, во соработка со наставниците, преку систематска опсервација и проценка, како и врз основа на информаци добиени од родителите при уписот, кои укажувале на потешкотиите и потребите на учениците.
- Според приложената медицинска документација и проценките на стручната служба во училиштето, кај евидентираните ученици се утврдени различни видови попреченост и потешкоти, меѓу кои: *аутизам, комбинирана попреченост, интелектуална попреченоист, специфични и општи тешкотии во учење, како и проблеми во однесување.*

➢ **Формирање на Инклузивни тимови за ученици со ПОП** (ИТУ) кои имаат препорака од стручно тело за проценка вклучување во средно образование по ИОП или модифицирана програма. Согласно препораката за 5 ученици се формирани ИТУ согласно законските одредби.

➢ Со цел да се обезбеди соодветен вид и ниво на поддршка за секој ученик со ПОП поединечно, во текот на месеците септември и октомври стручните соработници и наставници спроведоа опсервација и проценка на функционалните можности, способности и образовни потреби на новоидентификуваните ученици. Врз основа на добиените резултати, мислењата на стручниот тим и и препораките од стручното тело за проценка, за учениците со ПОП во учебната 2025/26 година беше обезбедена соодветна поддршка, и тоа:

- **Општа поддршка (I ниво)** насочена кон индивидуализација и диференцијација на наставата преку прилагодување на наставните методи, пристапи и активности, согласно можностите и потребите на ученикот, како и приспособување на наставната програма по одделни предмети. Во оваа група се опфатени 5 ученици кои немаат Наод и мислење од Верификувана институција или препорака за изработка на ИОП од Стручно тело за проценка. За секој ученик поединечно е изработен План за поддршка. Кај нив, покрај индивидуализираниот пристап во наставата се реализира советодавна работа со цел надминување на потешкотиите во учењето, јакнење на самодовербата и развивање на социо – емоционални вештини.
- **Интензивирана поддршка (II ниво на поддршка)** се обезбедува за ученици а ученици кои наставата ја следат според индивидуален образовен план (ИОП). Во согласност со нивните спообности и потреби се прилагодуваат пристапот во наставата, содржините и очекуваните резултати од учењето по сите наставни птредмети. Во оваа група се вклучени 4 ученици кои поседуваат Наод и мислење од стручно тело за проценка.

Согласно нивните потреби, тие се опфатени со дефектолошки третман со цел подобрување на нивната функционалност и образовен напредок.

- Посебна поддршка (III ниво на поддршка) се обезбедува за ученици со комплексни потреби преку реализација на модифицирана наставна програма, која се иготвува во согласност во нините индивидуални можности, потреби и потенцијали. со посебна програма во склад со нивните можности и потреби. Наставата е насочена кон развој на компетенции за самостојност, социо - емоционален развој, комуникациски вештини, стекнување на функционални знаења и вештини кои ќе им овозможат поуспешно секојдневно функционирање и активно учество во училишниот живот. Оваа група опфаќа 1 ученик.

- УИТ во соработка со инклузивните тимови на ученици (ИТУ) изработи долгорочен ИОП или МП за секој ученик за кој е утврдена потребата од истото, наставниците изработија среднорочни ИОП или МП по наставни предмети.
- Согласно препораките на стручното тело за прооценка, а во соработка со Средното училиште со ресурсен центар „Искра“ - Штип, во учебната 2025/2026 година со училиштето се ангажирани 3 образовни асистенти кои обезбедија континуирана индивидуална поддршка на учениците во текот на наставата и другите училишни активности.
- **Континуирана соработка на УИТ со родителите на учениците со ПОП** (советодавни – консултативни разговори, телефонски контакти со цел навремено запознавање на родителите со сите планирани активности, успехот и напредокот на ученикот, помош и поддршка за успешно справување и решавање на сите проблеми со кои се соочува нивното дете, но и препораки и насоки за работа со учениците дома.)
- Согласно програмата за работа на УИТ и потребите на ученикот дефинирани во ИОП, на учениците со ПОП им се обезбеди **континуирана дополнителна поддршка од страна на стручните соработници** преку индивидуална работа кадешто акцент се стави на следните активности: реализирање на активности за надминување на тешкотиите во учењето, советодавно - консултативни разговори согласно потребите на учениците, непосредна помош и поддршка во совладувањето на предвидените наставни содржини, психомоторна реедукација, дефектолошки третман за подобрување на функционаните можности и способности на ученикот;
- Инклузивниот тим во училиштето редовно ги следеше **постигнувањата на учениците со ПОП, преку увид во нивниот успех и поведение на крајот на секое тримесечје.** Сите 10 ученици со ПОП кај кои е утвдена потреба од дополнителна поддршка во учењето, успешно ја заврши училишната година и го постигнаа следниот успех:

Постигнат успех на крај на учебна година					
успех	**прва**	**втора**	**трета**	**четврта**	**вкупно**
доволен	1				**1**
добар		3			**3**
Мн. добар	1		3	1	**5**

одличен			1		**1**
вкупно	2	3	4	1	**10**

- Инклузивниот тим во училиштето соработуваше со релевантни институции за прашања поврзани за учениците со ПОП (ДПИ, органи на локална самоуправа, МОН, Средно училиште со ресурсен центар Искра - Штип);
- Реализирани низа **активности и работилници за подобрување на инклузивната клима** во училиштето (работилници на тема инклузија, работилници за одбележување на значајни датуми - месец на дислексија, 3 –ти Декември – меѓународен ден на лица со попреченост, ден на лица со Даунов синдром, ден на лица со аутизам и др.).
- Реализирана **работилница за изработка на инклузивни дидактички материјали**, во соработка со образовните асистенти и ученичката заедница, со користење на постојните ресурси во училиштето.
- Со цел **унапредување на компетенциите на наставниците од подрачјето на социјална и образовна инклузија**, како и подобрување на инклузивната практика, Училишниот инклузивен тим (УИТ) континуирано остварува соработка и комуникација со наставниците за идентификација и надминување на предизвиците во процесот на реализација на инклузивното образование, во рамки на расположливите можности.

  Во таа насока, беа реализирани следните активности:
  - ✓ Обезбедување стручна поддршка на наставниците и образовните асистенти во работата со ученици со попреченост и тешкотии во учењето, преку давање насоки, препораки и примена на соодветни стратегии за работа, и тоа:
    - општи препораки за работа со ученици со ПОП;
    - стратегии и видови на поддршка во наставниот процес;
    - постапки за прилагодување на наставата;
    - дидактичко-методички пристапи во работата;
    - насоки за работа со ученици со забавен когнитивен развој;
    - насоки за идентификација на ученици со тешкотии во учењето;
    - насоки за работа со ученици со специфични тешкотии (дислексија);
    - насоки за работа со ученици со аутизам и комлексни потреби;
    - насоки за оценување на ученици со ПОП.
  - ✓ Развивање и примена на интерни обрасци за изработка на Индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма.
  - ✓ Обезбедување насоки и континуирана поддршка на наставниците при изработка и реализација на ИОП и МП.
  - ✓ Упатување на наставниците кон користење на различни современи ресурси со цел осовременување и унапредување на наставниот процес.
  - ✓ Реализација на советодавна, консултативна и инструктивна работа со наставниците и образовните асистенти, согласно нивните тековни потреби и предизвици.

3. Евалуација на досегашната инклузивна политика и практика

Врз основа на реализираните активности во текот на учебната година, Училишниот инклузивен тим изврши евалуација на досегашната инклузивна политика и практика во училиштето. При анализата беше констатирано дека училиштето континуирано работи на обезбедување поддршка за учениците со попреченост и создавање инклузивна училишна средина, во согласност со законските обврски и принципите на инклузивното образование.

Во текот на учебната година училиштето направи значителни напори за усогласување на своите активности со законските измени во областа на инклузивното образование. Сепак, практичната организација на инклузивните процеси сè уште се соочува со одредени предизвици, особено во делот на координацијата помеѓу сите вклучени чинители, распределбата на одговорностите и обезбедувањето континуирана и навремена поддршка за учениците со попреченост.

Особено внимание беше посветено на потребата од понатамошно унапредување на организацијата на работата на Училишниот инклузивен тим, зајакнување на меѓусебната соработка помеѓу наставниците, стручните соработници и образовните асистенти, како и воспоставување поефикасни механизми за следење, евалуација и документирање на инклузивните процеси.

4. Предизвици

И покрај континуираните заложби за обезбедување квалитетно инклузивно образование, училиштето и Училишниот инклузивен тим во текот на планирањето и реализацијата на инклузивните процеси се соочуваат со повеќе предизвици, особено при обезбедувањето поддршка за учениците со комбинирана и потешка попреченост и учениците со аутизам, кај кои е неопходен високо индивидуализиран пристап.

Најзначајните предизвици се:

- Потребата од континуирано јакнење на професионалните компетенции и обезбедување поголеми можности за стручно усовршување на наставниците, образовните асистенти и стручните соработници во областа на инклузивното образование, современите методи на работа, диференцираната настава, позитивните стратегии за управување со однесувањето и поддршката на учениците со различни видови попреченост.
- Потребата од донесување унифициран Правилник со стандардизирани обрасци и јасни насоки за изработка, реализација и евалуација на Индивидуалниот образовен план (ИОП) и Модифицираната програма, со цел обезбедување единствена практика, подобра меѓусебна соработка и поквалитетна индивидуализирана поддршка.
- Недоволните просторни, материјално-технички и дидактички услови за обезбедување квалитетна индивидуализирана поддршка, вклучително и недостигот на соодветно опремена ресурсна училница, асистивна технологија, сензорни и дидактички материјали.

- Ограничените можности за обезбедување интензивна и континуирана индивидуална поддршка за учениците со комплексни образовни потреби, што бара дополнителни организациски, просторни и материјални ресурси.
- Потребата од поефикасна координација и системска соработка помеѓу наставниците, стручните соработници, образовните асистенти, родителите и Училишниот инклузивен тим во планирањето, реализацијата и евалуацијата на индивидуализираната поддршка.

5. Препораки за унапредување

Со цел понатамошно унапредување на инклузивната политика и практика во училиштето, Училишниот инклузивен тим ги предлага следните препораки:

- понатамошно унапредување на организацијата на инклузивните процеси и јасно дефинирање на улогите и одговорностите на сите учесници во нивната реализација;
- воспоставување поефикасни механизми за следење, евалуација и документирање на инклузивните активности;
- обезбедување континуиран професионален развој на наставниците, образовните асистенти и стручните соработници преку акредитирани обуки и практични едукации со цел унапредување на нивните компетенции;
- иницирање активности за обезбедување соодветни просторни, материјално-технички и дидактички услови, вклучително и формирање и опремување ресурсна училница и набавка на асистивна технологија и специјализирани наставни материјали;
- донесување унифицирани нормативни насоки и стандардизирани обрасци за изработка, реализација и евалуација на Индивидуалниот образовен план и Модифицираната програма;
- зајакнување на соработката помеѓу сите чинители вклучени во процесот на инклузивно образование, со цел обезбедување навремена, координирана и квалитетна поддршка за секој ученик.

Реализацијата на овие препораки ќе придонесе за поефикасно спроведување на законските обврски, унапредување на квалитетот на инклузивното образование и создавање услови во кои секој ученик ќе има еднакви можности за учење, развој и активно учество во воспитно-образовниот процес.

Изработил, Антонија Делева Рамова,

Координатор на УИТ

Прилог 9

Извештај од Завршната екскурзија на учениците од Трета година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВЕДЕНА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ГОДИНА

Реализација на екскурзијата: 6 (шест дена), 4 (четири) ноќевања

Време на изведување на екскурзијата: Од 02.05.2026-09.05.2026

Број на ученици: 58

Број на наставници: 4

Кратка агенда и локаци кои беа посетени :

- Поаѓање од Кавадарци;
- Патот води преку Скопје –Белград- Загреб- Љубљана
- Пристигнување во Пунта Сабионе од каде со брод се оди до Венеција
- Разгледување на Венеција;
- На пладне со брод враќање до Пунта Сабионе
- Сместување во Лидо ди Јесоло, (едно ноќевање);
- Од Лидо ди Јесоло тргнување на групата кон Милано
- Разгледување на Милано;
- Попладне тргнување кон Сан Ремо, сместување и ноќевање;
- Тргнување на грпата кон Франција, Азурен брег;
- Пристигнување во Кан, разглед;
- Патувањето продолжува кон Ница, разглед;
- Враќање во хотел во Сан Ремо, ноќевање ;
- Тргнување на групата кон Езе, разглед ;
- Патувањето продолжува кон Монако/Монте Карло , разглед;
- Враќање во хотел во Сан Ремо, ноќевање ;
- По појадокот одјавување од хотелот и упатување на групата кон Палма Нова-Аутлет центар
- Продолжуваме кон Македонија, Кавадарци

ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ

Ден 1 – 02.05.2026 (Сабота)

Поаѓањето беше организирано во 11 часот, пред спортската сала Јасмин и се упативме кон Италија.Патувањето траеше 18 часа со попатни паузи , во една пријатна атмосфера и убаво расположение.

Ден 2 – 03.05.2026 (Недела)

Пристигнување во раните утрински часови во Пунта Сабиони од каде со бродче се возевме до Венеција, разгледување на Венеција и во вечерните часови се упативме кон Лидо ди Јесоло каде што беше организирано ноќевање.

Венеција: Плоштад *Св. Марко*, Мостот на воздишки, Гранд Канал, Базилика Свети Марко, Понте Риалто, Са' d' Oro, Астрономскиот часовник, Црква Санта Марија де ла Пиета.

Венеција е град во североисточна Италија. Изградена е на 118 мали острови во устието на реката Бренте во венецијанскиот залив. Позната е и како „град на каналите". Повеќе од илјада години Венеција била главен град на Венецијанската Република. Венеција има над 170 канали по кои пловат гондоли, чамци, мали парабродиимоторни бродови. Најголем е Големиот канал на кој се наоѓа познатиот мост „Ријалто", а околу 380 помали и поголеми мостови служат за премин преку каналот. Венеција има многу познати архитектонски и уметнички споменици: Дуждова палата, црквата *Свети Марко* и деведесет други цркви, богати музеи, уметнички галерии, познатата Академија на уметностите, опсерваторија и други научни и културни установи. Во неа се одржуваат и познатиот Венецијански филмски фестивал, Биеналето, Тетарскиот фестивал. Позната е и по изработката на предмети од стакло (потекнува од островот Мурано), чипка, сребро, злато, кожа.

- **Базилика Свети Марко - Базиликата „СветиМарко"**екатедралнацрквакоја се наоѓавоградотВенецијаво Италија. Овој христијанскиобјект е најпознатиотхристијанскихрамвоградот и еденоднајпознатитепримери на византискатаархитектура. Катедралнатацрква се наоѓа на истоимениотплоштад и истоимениотрегион. Воблизина на црквата се наоѓа Дуждоватапалата.Базиликата е долга 76,5

метри и висока 43 метри. На почетокот се користелакакопараклис на венецијанскитеуправители, а некакокатедралнацрква. Во 1807 година станаласедиште на патријархот на Венеција, архиепископ на римокатоличкатаепархија на Венеција. Зградата е позната и какоЗлатнацрква.

- **Мостот на воздишки - Мостот на воздишките** (италијански: *Ponte dei Sospiri*) — мост кој се наоѓаво Венеција, Италија. Мостотбилнаправенод варовник и имапрозорцисокаменирешетки. Се наоѓанадреката на Палатите и гиповрзувастаритезанданисособите за испрашувањево Палатата на Дуждовите. ПогледотодМостот на Воздишкитебилпоследниотпоглед
  на Венеција којгогледалеосудениците пред да бидатзатворениилипогубени. На оваместомногулуѓе за последенпатвоживототпогледналеконсинотонебо и воздивнале за слобода. Така и годобилимето - Мост на Воздишките. Денес овој мост е уштееднаодмногутетуристичкиатракции кои можат да се видатвоВенеција.

Ден 3 – 04.05.2026 (Понеделник)

После појадокот, групата од Лидо ди Јесоло се упати кон Милано. Учениците имаа можност да ги посетат сите убавини од Милано и да уживаат во него.

- **Тврдината Сфорцеско**
- **„PiazzaDUOMO„**-Централниот плоштад на кој се наоѓа најголемата готскака тедрала во светот DUOMO,
- **Галеријата VITTORIO EMANUELE** која ги поврзува катедралата и **Миланската Скала** – една од најпрочуените оперски куќи во светот

Ден 4 – 05.05.2026 (Вторник)

Упатување од Сан Ремо кон Кан ,Франција - Азурен брег,. Учениците имаа можност да се фотографираат на овие светски познати локалитети и да понесат незаборавни моменти од ова патување.

Пристигнување во Кан-градот на фестивалот, филмскиот гламур

- **Филмската палата**(отпечатците од рацете од познатите глумци)
- **Авенијата на палмите**,
- **маринатa**,
- прошетка по надалеку прочуената **канска променада**.
- Патувањето продолжува кон Ница.Попатна **посета на Антиб**: музејот на Пикасо
- **стариот град**
  Потоа се упативме кон Ница,Франција - Азурен брег
- **хотелот Негреско**
- **променадата(шеталиштето) на Англичаните,пристаништето**
- **плоштадот Масена.**Слободно време за индивидуална прошетка

Во вечерните часови од Ница се упативмие кон Сан Ремо каде што беше организирано ноќевањето.

Ден 5 – 06.05.2026 (Среда)

- По појадокот групата од Сан Ремо се упати кон кнежевството Монако.Разеглед на една од најмалите држави во светот.

Монако/ Монте Кало ,Франција - Азурен брег,. учениците имаа можност да посетат неколку интересни локалитети од градот.

- **Монако/Монте Карло** кон кнежевството Монако.Разеглед на една од најмалите држави во светот
- Океанографскиот музеј
- Ботаничката градина
- црквата Св.Никола
- Палатата на Принцот Рение
- гробот на принцезата Грејс Кели
- патеката на фомула 1
- најпознатиот Hotel De Paris
- посета на казината во Монте Карло...
- Патувањето продолжува кон посета **на идиличното гратче Ез**, со можност за влез во една од фабриките за парфеми (фабриката Фрагонарди).

Во вечерните часови се упативмие кон Сан Ремо каде што беше организирано ноќевањето.

Ден 6 – 07.05.2026 (Четврток)

По појадокот во 8.00 часот групата од Сан Ремо се упати кон Македонија.

Посета на Палма Нова – аутлет центар

- Слободно време за шопинг


Патот води преку Љубљана-Загреб-Белград-Скопје-Кавадарци

Патувањето се одвиваше без проблеми, со попатни паузи. Учениците беа задоволни од посетата, по што ќе им останат незаборавни моменти и искуство на кое ќе се сеќаваат целиот свој живот.











СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 2
II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 3
2.1.СЕКТОР И КВАЛИФИКАЦИЈА 3
2.2. УЧЕНИЦИ 4
2.2.1 ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ 4
2.2.2. УСПЕХ, РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ 5
2.3. РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО 6
2.4. УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО 7
2.5.СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА 9
2.5.1.НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ 10
2.5.2 .СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКА 12
2.5.3. РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИ 12
2.5.4.СТРУЧНИ АКТИВИ 13
2.6. СТРУЧНА СЛУЖБА 13
2.7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА 14
2.8. АДМИНИСТРАТIVНО-ТЕХНИЧКА СЛУЖБА 15
IV. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ 17
2 .ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ и РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ 19
3. УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРИ 58
4. КОНФЕРЕНЦИИ, ТРИБИНИ, ПРЕДАВАЊА И ДРУГИ ОБУКИ 62
5. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ 62
6. ПРОЕКТИ 63
7. ЕКСКУРЗИИ 65
8. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ 65
10. ПРОИЗВОДСТВО 67
11. МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ 68
Бројна состојба на ученици во учебната 2025/2026 70
II.Успех на учениците на крајот на учебната година 78
III. Редовност и поведение на учениците 89
ИЗВЕШТАЈ за работата на директорот на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци во учебната 2025/26 година 99
Извештај за работата на Училишниот одбор за учебната 2025/2026 година“ 104
НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ 111
за учебната 2025/2026година 111
СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКА 116
за учебната 2025/2026година 116
Извештај за реализирани активности од работата на училишниот педагог во учебната 2025/2026 година 123
Извештај од работата на психологот во учебната 2025/2026 година 136
ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА ОД СТРАНА НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК/ДЕФЕКТОЛОГ 149
6. Извештаи од проекти 175
Извештај од работата на активите 196
2025/26 196

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ПРИРОДНИ НАУКИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА 197
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА СТРУКАТА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА 203
Постигнати резултати 205
Заклучок 205
Насоки за понатамошна работа 206
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ АКТИВ 207
1. ВОВЕД ..... **Error! Bookmark not defined.**
2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ..... **Error! Bookmark not defined.**
3. РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ ..... **Error! Bookmark not defined.**
4. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И ИНСТИТУЦИИ **Error! Bookmark not defined.**
5. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ..... **Error! Bookmark not defined.**
6. ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ..... **Error! Bookmark not defined.**
7. НАСОКИ ЗА НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА ..... **Error! Bookmark not defined.**
8. ЗАКЛУЧОК ..... **Error! Bookmark not defined.**
Извештајзаработанаактивотнаопштествено-хуманистичкоподрачјезаучебната 2025/2026 година ..... **Error! Bookmark not defined.**
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО УМЕТНОСТ 212
во учебната 2025/26 година 212
Извештај за работењето на активот 214
ОД ШУМАРСКО ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА СТРУКА 214
ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА 214
СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци 221
ИЗВЕШТАЈ 221
за работата на Јазичниот актив за учебната 2025/2026 година 221
ЧЛЕНОВИ НА АКТИВОТ 221
ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ 221
СОДРЖИНА НА РАБОТА 221
ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ 222
ИЗВЕШТАЈ НА УЧИЛИШТЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ 225
3. Евалуација на досегашната инклузивна политика и практика 231
4. Предизвици 231
5. Препораки за унапредување 232
Извештај од Завршната екскурзија на учениците од Трета година 233
 ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ: ..... **Error! Bookmark not defined.**

ПРОФЕСИОНАЛНИ БИОГРАФИИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

1.СТЕФАН АЦЕВ



ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје, отсек Дрвна индустрија.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран шумарски инженер, отсек Дрвна индустрија – 1996 година.

СТАРОСТ

48 години.

РАБОТЕН СТАЖ

21 година.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонец.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Добро познавање на работа со компјутери, вклучувајќи:

- Windows;
- Linux Edubuntu;
- Office Software 365;
- Autodesk AutoCAD;
- CorelDRAW.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Напредно ниво – добро познавање на англискиот јазик, и писмено и усно.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- СЕА-проект – активни методи во наставата (2005 и 2006 година).
- УСАИД – успешно завршена обука за „Изработка и одржување на училишни веб-страници со алатката Mambo“.
- Учество во развојот на нови наставно-образовни програми во соработка со Бирото за развој на образованието.
- Член на тимот што организира маркетиншки презентации на училиштето.
- Обука за примена на СПИН-програмата во наставните програми и курикулуми – јануари 2007 година.
- USAID E-School, во соработка со Министерството за образование и наука:
    - Основни знаења од информацискатa и комуникацискатa технологија – 2005 година;
    - Професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата – 2005 година;
    - Изработен проект со примена на информатичката технологија во проектно учење и поврзување со заедницата – 2005 година;
    - Обучувач за „Примена на ИКТ во наставата“ – 2005/2006 година.
- USAID SEA – работилници за интерактивна наставна методологија.
- Digital Media Association – успешно завршена обука „3Д Е-школо – обука за обучувачи, прво ниво“.
- Учество на Образовното рандеву 2006 како ментор во натпреварот за „Најдобра веб-страница на реална компанија“.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – мај 2009 година.
- Автор на учебникот „Машини и алати за обработка на дрвото“ за II година, техничар за обработка на дрвото – 2010 година.
- Завршена обука „Improvement of School Based Assessment“ – 2008 година

2.ГОРАН ЗИМОСКИ



ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Име и презиме: Горан Зимоски
Дата на раѓање: 31.08.1970 година
Адреса: Илинденска 119-6/5, 1430 Кавадарци
Телефон: 072 309 126
Националност: Македонец

ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје, отсек Дрвна индустрија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран шумарски инженер, отсек Дрвна индустрија – 1995 година.

ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци

- Професор по стручни предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка – од 1996 година.
- Помошник директор – од 2022 година.
- Професор-ментор – од 30.04.2026 година.

Советник при Советот на Општина Кавадарци – 2000–2005 година.

КОМПЕТЕНЦИИ, ОБУКИ И СЕМИНАРИ

- Учество во изработка на стандардизирани програми и прашања за стандардизирани тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците.
- CEA-проект – активни методи во наставата (2005 и 2006 година).
- Обука за изготвување објективни тестови на знаење – 2008 година.
- Учество во развојот и изработката на нови наставно-образовни програми во соработка со Бирото за развој на образованието.
- Член на тимот што организира маркетиншки презентации, празници и манифестации на училиштето.
- Координатор на проектот „Модернизација на образованието“.
- USAID E-School:
    - Основни знаења од информацискатa и комуникацискатa технологија – 2005 година;
    - Професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата – 2005 година;
    - Изработка и аплицирање на проекти – 2007 година;
    - Изработка на бизнис-план – 2007 година;
    - Improvement of School Based Assessment – 2008 година.
- Работилници за интерактивна наставна методологија.
- Учество на Образовното рандеву 2006 и 2007 како ментор во натпреварот за „Најдобар постер и најдобар штанд“.
- Обука за изработка на годишни планови, тематски планирања и дневна подготовка.
- Автор на учебникот „Машини и алати за обработка на дрвото“ за II и III година.
- Сертификат за едукатор на возрасни и обучувач на едукатори на возрасни – ниво 2.
- Консултант за проекти Erasmus+.
- Обука за професор-ментор – 2026 година.

ЈАЗИЦИ

- Македонски јазик – мајчин јазик.
- Англиски јазик – ниво А1, писмено и усно.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

- Windows XP и Windows 10;
- MS Word;
- MS Excel;
- MS PowerPoint;

- Autodesk AutoCAD;
- CorelDRAW Suite.

ДРУГИ ВЕШТИНИ

Одговорен, комуникативен и толерантен, способен за работа под временски притисок, резултатски ориентиран, брзо учи и лесно се адаптира на нови технологии, методи и работна средина. Поседува добри аналитички и организациски способности и е способен за индивидуална и тимска работа.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Возачка дозвола.

---

3. ДЕАН ИЛКОВ



ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје, отсек Дрвна индустрија.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран шумарски инженер – 1999 година.

СТАРОСТ

1969 година.

РАБОТЕН СТАЖ

13 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонец.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

MS Word, MS Excel и MS PowerPoint.

КОМПЕТЕНЦИИ И ОБУКИ

- CEA-проект – активни методи во наставата (2005 и 2006 година).
- Обука „Основни знаења од информацискатa и комуникацискатa технологија“ – 2005 година.
- Работилници за интерактивна наставна методологија.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – мај 2009 година.
- Семинар „Методи и техники за активна настава и техники за мотивирање на учениците“ – ТЕРА, Скопје, 2010 година.

---

4. РОЗА ТЕФОВА



ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран инженер по шумарство – 2000 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1972 година.

РАБОТЕН СТАЖ

9 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонка.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft PowerPoint и Internet.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Почетно ниво.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- CEA-проект – активности во средното образование:
  - Модул 1 „Учење во училница“ – 2007 и 2008 година;
  - Модул 2 „Учење преку проекти“ – 2007 и 2008 година.
- Семинар „Методи и техники за активна настава и техники за мотивирање на учениците“ – ТЕРА, Скопје, 2010 година.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – мај 2009 година.
- Обука „Современи форми и методи во наставата“ – 2013 година.
- Семинар за образовниот профил „Столар“ – тригодишно образование.
- Учество во изработка на прашања за екстерно оценување во соработка со Бирото за развој на образованието.
- Обука за професионални компетенции кај директорите, стручните соработници и наставниците.
- Обука „Методи, техники и алатки за работа со ученици со ПОП“.
- Учество во предавање на тема „Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето со посебен акцент на воспитната функција“ – 2020 година.
- Онлајн курс „Реализација на наставата со користење на различни ИКТ-средства за учење“ – 2020 година.
- Обука „Користење на дигитални алатки“ – 2020 година.
- Обука за членови и претседатели на училишен одбор.
- Автор на учебникот „Лековити и зачински растенија“ за III година.

---

5. Радица Бинова

ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Шумарски инженер – професор по стручни предмети, 2012 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1988 година.

РАБОТЕН СТАЖ

13 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонка.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Microsoft Word, Microsoft Excel, Internet, PowerPoint и Publisher.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- „Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции на наставниците“ – април 2019 година.
- Учество на предавање на тема „Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето со посебен акцент на воспитната функција“ – февруари 2020 година.
- „Реализација на наставата со користење на различни ИКТ-средства за учење“ – септември 2020 година.
- Обука „Современи концепти во средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“ – 2021 година.
- Обука „Мотивација на ученици“ – јуни 2021 година.
- Обука „Користење на дигитални алатки во наставата“ – март 2021 година.
- Обука „Употреба на техники за фасилитирање“ – октомври 2021 година.
- „Методи и техники за учење преку решавање проблеми со фокус на климатските промени“ – ЕДУИНО, 2022 година.
- „Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни“ – ЕДУИНО, 2022 година.
- „Предизвикувачко однесување – справување и добри практики“ – ЕДУИНО, 2022 година.
- „Родителите и децата од дигиталната генерација“ – ЕДУИНО, 2023 година.
- „Говор на омраза во онлајн медиумите“ – ЕДУИНО, 2023 година.
- „Оценување и евалуација на наставата“ – 2023 година.
- Обука за планирање на наставата – 2023 година.
- „Increasing Attractiveness, Inclusiveness and Relevance of VET and Adult Education“ – Скопје, 2024 година.
- Сертификат за освоено второ место во категоријата „Најдобар штанд“ – МАССУМ, 2025 година.
- „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“ – 2025 година.
- „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“ – 2025 година.
- „Зелена агенда – Западен Балкан“.
- Сертификат за освоено прво место во категоријата „Најдобар штанд“ – МАССУМ, 2026 година.

---

5. АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВА



ОБРАЗОВАНИЕ

Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

НАСОКА

Пејзажно дизајнирање.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран шумарски инженер по пејзажно дизајнирање – јуни 2018 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1995 година.

РАБОТЕН СТАЖ

4 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонка.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft PowerPoint, CorelDRAW, AutoCAD, Photoshop и Photo Garden Designer.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Напредно ниво.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- Обука за производство на брикети – Шумарски факултет, Скопје.
- Претседател на студентите на Шумарскиот факултет.
- Мотивациска обука за започнување сопствен бизнис – АППРМ, јуни 2018 година.
- Педагошко-психолошка и методска доквалификација – Филозофски факултет, Скопје, 2019 година.
- Учество на обука „Современи концепти во средното образование“ – 2021 година.
- ЕДУИНО вебинар „Практични совети и добри практики во користењето на Microsoft Teams“ – 2020 година.
- Обука за користење дигитални алатки – 2021 година.
- ЕДУИНО вебинар „Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина“ – 2021 година.
- „Оценување и евалуација на наставата“ – 2023 година.
- Обука за планирање на наставата – 2023 година.
- Учество во меѓународниот проект Erasmus+ „Зајакнување на критичкото мислење кај младите и медиумската свест“ – Минхен, 2022 година.

---

6. ГОРАН САКАЛИЕВ



ОБРАЗОВАНИЕ И ЗВАЊЕ

Дипломиран шумарски инженер – јануари 2012 година.
Магистрант на Катедрата за отворање на шумите и шумски транспортни средства – 2016 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1988 година.

РАБОТЕН СТАЖ

2 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонец.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Internet, Microsoft Office, AutoCAD, Quantum GIS и ArcGIS.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Високо ниво.

КОМПЕТЕНЦИИ И ОБУКИ

- Педагошко-психолошка и методска доквалификација – 2022 година.
- Тим-лидер во проектот „Take a Step, It's Not Too LAKE“ – Бурдур, Турција, 2022 година.
- Тим-лидер во проектот „ECO-DRR“ – Токио, Јапонија.
- Учество во проектот „JUNEX“ – Преспанско Езеро, Албанија, Грција и Македонија – 2016 година.
- Обуки од областа на шумарството.
- Обука за изработка на посебни планови за стопанисување со шумите.
- Обука за користење GPS-навигатор и тотална станица.
- Обука за користење дрон.
- Обука за изработка на топографски карти.
- Член на комисија составена од МЗШВ за давање мислења од областа на шумарството.
- Изработка на посебни планови за стопанисување со шумите во периодот 2016–2021 година.

---

8. ТОДОРКА КОЦЕВА

ОБРАЗОВАНИЕ

Шумарски факултет – Скопје.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Дипломиран инженер по шумарство – 2000 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1972 година.

РАБОТЕН СТАЖ

9 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонка.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft PowerPoint и Internet.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Почетно ниво.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- CEA-проект – активности во средното образование:
  - Модул 1 „Учење во училница“ – 2007 и 2008 година;
  - Модул 2 „Учење преку проекти“ – 2007 и 2008 година.
- Семинар „Методи и техники за активна настава и техники за мотивирање на учениците“ – ТЕРА, Скопје, 2010 година.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – мај 2009 година.
- Обука „Современи форми и методи во наставата“ – 2013 година.
- Семинар за образовниот профил „Столар“.
- Учество во изработка на прашања за екстерно оценување.
- Обука за професионални компетенции и изготвување личен професионален план.
- Обука „Методи, техники и алатки за работа со ученици со ПОП“.

---

10. ЕФРЕМЧО НИКОЛОВ



ОБРАЗОВАНИЕ

Земјоделски факултет.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Професор по стручни предмети – 1999 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1974 година.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Microsoft Word, Microsoft Excel, Internet и Microsoft PowerPoint.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Почетно ниво – A1, 2007 година.

КОМПЕТЕНЦИИ И ОБУКИ

- SEA-проект „Активни методи во наставата“ – 2005–2008 година.
- „Интегрирање на ИТ во курикулумите“ – E-Schools/EDC, 2006 година.
- „Модернизација на образованието“ – обука по англиски јазик, 2007 година.
- Обука од областа на информацискатa и комуникацискатa технологија.
- Обука за наставни програми, водење и презентација, методологии и оценување – GOPA-проект, 2005 година.
- Обука за подобрување на училишната настава – USAID, 2008 година.
- Обука „Органско земјоделство“ – 2008 година.

- Improvement of School-Based Assessment – 2008 година.
- Ментор на ученици за учество на републички тракторски натпревари.
- Курс по органско земјоделско производство.
- Учесник во изработка на наставни програми за земјоделско-ветеринарната струка.
- Учество на меѓународен натпревар во Ново Место, Словенија – 2009 година.
- Учество на семинар „Методи и техники за активна настава“ – 2010 година.
- Учество во европски проект преку програмата „Леонардо да Винчи“ – Солун, 2012 година.
- Учество во меѓународни проекти во Финска и Турција.
- Тим-лидер и носител на сертификат за меѓународно учество во проект.
- Учество на советување во МАНУ на тема „Претприемничко образование“ – 2015 година.
- Учество во проекти и обуки од областа на земјоделството, образованието и претприемништвото.
- Обука „Користење на интерактивни современи методи и техники во наставата“ – 2016 година.

11.ГОРАН КЕРОВ



ОБРАЗОВАНИЕ

Факултет за земјоделски науки и храна.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Инженер агроном – професор по стручни предмети, 2007 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1983 година.

РАБОТЕН СТАЖ

8 години.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонец.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Word, Excel и Internet.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Високо ниво.

КОМПЕТЕНЦИИ И ОБУКИ

- CEA-проект – активни методи за оценување во наставата – 2007 година.
- Учесник во изработка на програми од земјоделска струка.
- Изработка на проект и брошура за органска храна.
- Improvement of School Based Assessment – 2008 година.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – 2009 година.
- Уверение за положен стручен испит.
- Изработка на програма за слободни часови на тема „Изработка на вина“.
- Изработка на програма за слободни часови на тема „Производство на специјални вина“.
- Соработка со ЦССО при МОН за изработка на прашања за екстерно оценување.
- Положени педагошки испити.

---

11. КОЦЕ ПОПОВ



ОБРАЗОВАНИЕ

Земјоделски факултет – лозаро-овоштарска насока.

ЗВАЊЕ И ГОДИНА НА ДИПЛОМИРАЊЕ

Професор по стручни предмети – 1999 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1971 година.

КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ

Windows XP, Word, Excel и Internet.

ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Ниво А1 – CS Global Skopje, 2007 година.

КОМПЕТЕНЦИИ И ОБУКИ

- SEA-проект – активни методи во наставата (2005–2008 година).
- Интегрирање на ИТ во курикулумите – E-Schools/EDC, 2006 година.
- Модернизација на образованието – обука по англиски јазик, 2007 година.
- Обука од областа на информацискатa и комуникацискатa технологија.
- GOPA-проект – обука за наставни програми, водење и презентација, методологии и оценување.
- USAID – обука за подобрување на училишната настава.
- Педагошка доквалификација.
- Уверение за овластен наставник во програмата GLOBE.
- Обука „Примена на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата“ – 2009 година.
- Обука GLOBE – Охрид, 2010 година.
- Improvement of School Based Assessment – 2008 година.
- Обука „Примена на ИКТ во наставата“ – 2006 година.
- Семинар за стандарди и критериуми во оценувањето – 2011 година.
- Ментор на тракторски натпревари.
- Соработка со ЦССО при МОН за изработка на прашања за екстерно оценување.
- Базична обука за меѓуетничка интеграција во образованието – 2016 година.
- Обуки за инклузија и современи методи во наставата.
- Сертификати за дигитални вештини и примена на дигитални алатки во наставата.

12.БОШКО НАСТОВ



ОБРАЗОВАНИЕ И ЗВАЊЕ

Дипломиран инженер агроном – 1989 година.

ГОДИНА НА РАЃАЊЕ

1963 година.

НАЦИОНАЛНОСТ

Македонец.

КОМПЕТЕНЦИИ, АКТИВНОСТИ И ОБУКИ

- CEA-проект – обука за наставници, 2005–2008 година.
- Интегрирање на ИТ во курикулумите.
